**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четириесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 30 мај 2007 година**

Седницата се одржа во Собранинето на Република Македонија, сала 1, со почеток во 11,19 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Бесим Догани, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата за да можеме да почнеме со седницата.

Почитувани дами и господа дозволете ми во мое име, во име на Собранието и во ваше име да го поздравам присуството на пратениците на германскиот Бундестаг, господинот Петар Вајтс и господинот Андејас Лемел.

Ве молам со еден аплауз да ги поздравиме.

(Аплауз)

Дами и господа пратеници ја отворам 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Али Ахмети, Зумрете Јакупи, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Марјан Додовски, Ѓорѓи Оровчанец, Елмазе Селмани, Владо Бучковски, Марјанчо Николов, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Радмила Шекеринска, Јагнула Куновска, Мирјана Секуловска, Благој Зашов и Абдулади Вејсели ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме едно од копчињата на системот на гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи само 44 пратеника стиснаа копчиња ги молам службите да го утврдат точниот бројот на присутните пратеници.

Бидејќи во салата нема доволен број на пратеници, би ги повикал пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата за да можеме да ја започнеме седницата.

Ги молам службите да го достават точнен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат присутните пратеници во салата).

Во салата, на седницата присуствуваат 61 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството на пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Согласно договорот со координаторите на пратеничките групи Предлогот на закон за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на меѓународното хуманитарно право извршени на територијата на поранешна Југославија ќе биде разгледан на оваа седница.

Владата на Република Македонија од Деловникот на Собранието на Република Македонија предлага Предлогот на донесување закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон, Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на законот за административните такси со Предлог на закон, Предлогот за донесување на законот за изменување на Законот за комуналните такси со Предлог на закон и Предлогот за донесување на закон за изменување и доплнување на Законот за јавните набавки со Предлог на закон Собранието да ги разгледа во скратени рокови на оваа седница.

Предлозите ви се доставени.

Заради рационалност претставникот на Владата ќе ги образложи сите предлози, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи потребата овие предлози да се разгледаат во скратени рокови на оваа седница.

Има збор министерот за финансии, повелете.

**Трајко Славески:** Благодарам господине потпретседателе.

Владата на Република Македонија предлага неколку закони во скратена постапка за кои што јас ќе ја образложам потребата на овој начин да бидат разгледани на оваа седница.

Имено, три од овие закони се однесуваат на зајакнување на капацитетот на локалната самоуправа во Република Македонија за располагање со дополнителни фискални приходи во пресред на премин кон втората фаза на децентрализација.

На барање на ЗЕЛС, кое што е писмено доставено до Владата на Република Македонија и Министерството за финансии ние со Предлог на закон за изменување и дополнување на законот за даноци на имот, со Предлог на закон ќе исправиме една аномалија во нашиот даночен систем каде што деловните субјекти досега беа ослободени од плаќање на данок на имот на деловен простор.

Имено, со оглед на тоа како што предходно истакнав, станува збор за потреба од обезбедување на дополнителен фискален капаците на единиците на локалната самоуправа, а сето ова е поврзано со значителни подготовки кои што ќе траат повеќе месеци за да можат единиците на локалната самоуправа да ги остваруваат овие приходи се укажа потребата од што поитно донесување на овој закон. Затоа Владата предлага Предлог на закон по скратена постапка.

Истото се однесува и на точката во предложениот дневен ред која се однесува за изменување и дополнување на Законот за комунални такси.

Имено, голем број на единици на локалната самоуправа се соочуваат со проблеми на надомест на трошоците за улично осветлување.

Средствата кои што се прибираат за оваа намена се недоволни и голем број од општините имаат неплатени сметки спрема компаниите кои што ги снабдуваат со електрична енергија. Оттука во рамките на претходниот закон, повторно во рамките на барањето на ЗЕЛС Владата на Република Македонија предлага овој закон да се разгледа по скратена постапка.

Истото се однесува и на закон за административните такси.

Од оваа група на закон се издвојува предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки.

Имено овие измени и дополнувања Владата на Република Македонија ги има подготвено уште од пред крајот на минатата година, а чекавме еден подолг временски период на одобрување од страна на експерти од Европската комисија, затоа што ова законодавство е под скутина на Европската унија.

Имено, по неколку месечен преглед на измените и дополнувањата што Владата ги предлага добивме позитивен сигнал и затоа сега го предлагаме ова решение.

Најважната измена, доколу се усвои ваквиот предлог од страна на пратениците, кога ќе ни биде дадена можност да образложам, а сега ќе спомнам најважната измена се однесува на воведувањето на системот на електронски аукции со што значително ќе се подобри ефикасноста во спроведувањето на системот на јавните набавки на Република Македонија и ќе им се олесни функционирањето на голем број на институции во земјата.

Благодарам за дадената можност да ја образложам потребата од разгледувањето на овие закони по скратена постапка.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Славески.

Процедурално бара збор господинот Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Не, господине претседавач, јас чекам да завршите, јас сум пријавен за дополнување на дневниот ред.

**Бесим Догани:** Предлогот на Владата, предлогот за донесување на законот за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници, од кои 50 гласаа за предлогот, воздржани нема, 6 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 54 пратеници, од кои за гласаа 49, воздржани нема и 5 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комунални такси, со Предлог на закон да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 58 пратеници, од кои за гласаа 49, воздржани 1 и 8 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Предлогот на Владата Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за јавни набавки, со Предлог на закон да се разгледа во скратени рокови го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 55 пратеници, од кои за гласаа 48, воздржани 1 и 6 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

(Во салата влегуваат пратениците на ДУИ).

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за испраќање на единиците на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција.

Предлогот ви е доставен односно поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот на одлуката да биде разгледан на оваа седница.

Има збор министерот за одбрана, повелете.

**Лазар Еленовски:** Јас би сакал да го повикам Парламентот да ја донесе оваа одлука за испраќање на оваа единица на Армијата на Република Македонија во мировната операција "Слобода за Ирак". Станува збор за стандардна ротација на нашиот вод таму составен од 35 припадници, пет штабни офицери во командата во Багдат и двајца офицери во командата во Тампа Флорида, која што е одговорна за мисијата "Слобода за Ирак".

Имајќи предвид дека единицата треба да биде упатена во јули, веќе се започнати подготовките, сакавме да се донесе оваа одкука како и во досегашната пракса, кога тоа го потенциравме неколку пати со потпол консензус на Парламентот за да ја демонстрира нашата стратешка определба.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Предлогот на Владата Предлогот на одлуката да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од вкупно 72 пратеника, за гласаа 71, воздржано 1 и против нема.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за именување на член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Предлогот ви е доставен односно поделен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот за именување да биде разгледан на оваа седница.

Има збор министерот за економија, повелете.

**Вера Рафајловска:** Потпретседателе заради истекување на мандатот на еден член во Регулаторната комисија за енергетика Владата предлага именување на нов член на Регулаторната комисија за енергетика.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Предлогот на Владата Предлогот за именување на член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија го ставам на гласање.

Ве повикува да гласаме.

Гласале 64 пратеника, од кои за гласале 59, 1 воздржан и 4 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Владата на Република Македонија предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлогот за донесување на закон за основање на агенција за финансиска подршка во земјоделството и руралниот развој, со Предлог на закон.

Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон ви е доставен.

Го молам претставникот на Владата да ја образложи итната и неодложна потреба Предлогот за донесување на закон со Предлог на закон да биде разгледан на оваа седница.

Има збор министерот за земјоделство, шумарсто и водостопанство, повелете.

**Аце Спасеновски:** Благодарам потпретседателе.

Заради можност за искористување на европските претпристапни фондови за земјоделие и рурален развој кој на Република Македонија и се достапни од 01.01.2007 година неопходно е формирање на агенција за финансиска подршка во земјоделието и рурален развој.

Со формирањето на една ваква агенција ќе се отворат можности и акредитација на оваа агенција, фактички ќе се отворат можности за искористување на тие фондови кои се и тоа од какво значење за македонското земјоделие и руралниот развој во Република Македонија.

Затоа е и Предлогот на итноста за ставање на ваква точка на дневен ред.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Предогот на Владата Предлогот за донесувње на закон, со Предлог на закон да се разгледа на оваа седница го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 71, од кои 54 гласале за, 10 воздржано и 7 против.

Констатирам дека Предлогот на Владата е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага дневниот ред на оваа седница да се дополни со Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата Мито Хаџи Василев Јасмин и Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Заради рационалнот претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата ќе ги образложи давата предлога, а гласањето ќе го вршиме за секој од нив одделно.

Го молам претседателот на Комисијата за прашања на изборите и именувањата да ја образложи основната и неоложна потреба овие предлози на одлуки да бидат разгледани на оваа седница.

Има збор претседателот на Комисијата за прашања на избори и именувања господинот Трајко Велјановски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам господине потпретседателе.

На вчерашната седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата беа донесени двете предлог одлуки, Предлог одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Мито Хаџи Василев Јасмин” и Предлог одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври. При тоа се бара од страна на Комисијата, согласно член 66 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се внесе на дневен ред на 45-та седница која се одржува на денешен ден.

Итноста и неопходноста за ставање на овие две точки се состои во следното:

По однос на доделувањето на наградата Мито Хаџовасилев Јасмин од постојниот претседател на овој Одбор, господинот Зоиран Иванов кој се обрати до Комисијата за прашања на избори и именувања со барање Собранието да именува нов состав на овој одбор, како би можело на време да се преземат потребните активности во врска со доделувањето на оваа награда.

По однос на втората предлог одлука која се однесува за доделување на наградата 23 октомври, оваа награда, согласно законот се доделува на 23 октомври, а имајќи прдвид дека престојат голем број на активности во врска со нејзиното доделување, потребно е составот на

Одборот за доделување на оваа награда, Собранието на Република Македонија да го именува што поскоро односно на дешната седница на Собранието на Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Вељаноски.

За збор се јави господинот Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

Почитувани пратеници, почитувани присутни, парламентарната група на ДУИ - ПДП, после четиримесечно апстинирање од работата на Собранието се враќа на работа во Собранието, после постигнувањето на договорот и успешното завршување на политичкиот дијалог министер за правда еѓу лидерот на ДУИ, Али Ахмети и исто така лидерот на ВМРО ДПМНЕ, господинот Груевски. Истовремено ние сме благодарни за придонесот што го дадоа претставниците на амбасадата на САД во Скопје и ЕУ, за завршувањето на успешниот дијалог.

Исто така постигнатиот договор е во хармонија или во согласност со нашата политичка агенда и ние мислиме дека овој договор ќе ја води Македонија право кон Северно-атланските интеграции и кон ЕУ. Така што ние остануваме со надеж дека придонесот кој го дадовме во текот на минатите четири години, во оваа насока, не само парламентарната група ДУИ-ПДП, туку и сите други парламентарни групи ќе го дадат својот придонес и понатаму Македонија да биде рамноправен член на НАТО и ЕУ.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за разрешување и именување на претседателот и членови на Одборот за доделување на наградата “Мито Хаџи Василев Јасмин”да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 70 пратеници, за гласаа 55, воздржани нема, 15 пратеници гласаа против.

Констатирам дека Предлогот на Комисијата е усвоен.

Предлогот на Комисијата, Предлогот на одлуката за именување претседател и членови на Одгоборот за доделување на наградата 23 октомври да се разгледа на оваа седница, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа вкупно 67 пратеници, 51 гласаа за, воздржани нема, против гласаа 16 пратеници.

Констатирам дека предлогот на Комисијата е усвоен.

Пред да го предложам дневниот ред, процедурално за збор се јавува господинот Андреј Жерновски.

**Андреј Жерновски:** Почитуван претседавач,

Најпрвин од името на пратеничката група на ЛДП го честитам враќањето на колегите од ДУИ во Парламентот. Беше краен момент тоа да се случи затоа што, како што сите ни соопштуваат, бидејќи тоа се круцијалните моменти кога се одлучува за судбината на Република Македонија односно нејзините граѓани за интеграцијата во ЕУ и во НАТО.

Меѓутоа, моето барање за проширување на дневниот ред е врзано токму со ова враќање на нашите колеги од ДУИ и токму со она што го кажа пратеникот од ДУИ, господинот Алити. Мислам дека не треба овде да се правиме недоветни, да играме жмурки, туку барам денешната седница да се прошири со информација од страна на Владата на Република Македонија, т.е. претседателот на ВМРО ДПМНЕ, за, како што и самот господинот Алити кажа, договорот што е постигнат со претседателот на ДУИ, господинот Али Ахмети.

Мислам дека тоа нема да биде проблем за оваа наша актуелна Влада и очекувам да дојде поддршката токму од ВМРО ДПМНЕ, бидејќи како што знаеме тоа е најпросперитетната Влада до сега што работела во историјата на Република Македонија и тоа е Влада која работи 24 часа, што ќе каже дека нема да има проблем да се достави таа информација.

Сакаме да знаеме зошто тој договор е потпишан на англиски јазик, сакам да ми одговори премиерот, бидејќи знаеме дека официјален јазик во Република Македонија е македонскиот јазик.

Понатаму, молам, Владата да достави информација за овој многу битен документ кој ќе ја одреди понатамошната судбина на граѓаните на Република Македонија, бидејќи како што имавме можност да слушнеме од медиумите и како што кажа претходниот колега, за веќе постигнатиот договор, се оди со нешто што е надвор од Охридскиот рамковен договор. Сакаме да знаеме што значи тоа поинаков начин на избор на Влада, бидејќи ако се сугерира избор на Влада по Бадинтер, тогаш тој филм во Парламентот нема да го гледа парламентарното мнозинство, туку некој сосема поинаков филм. Сакаме да знаеме што значи обештетувањето на припадниците на ОНА, нешто што не е договор од Охридскиот рамковен договор.

Бидејќи имам само уште 35 секунди, ве молам, да не ги употребите стандардните трикови и ова барање да го ставите како последна точка па да дојде на дневен ред некаде по Нова Година, туку да биде прва точка на дневен ред затоа што на крајот на краиштата не можете да го сокриете документот, бидејќи тоа што сте го договориле на неформални средби треба да дојде како материјал овде во Парламентот на Република Македонија. Немојте да се криете, излезете храбро, плокажете го документот што го договоривте.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Господине Жерновски дали имате поддршка од 10 пратеници за вашиот предлог?

Имате.

Предлогот на господинот Жерновски, дневниот ред да се дополни, го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласаа 68 пратеници, за гласаа 30, против 38, воздржани нема.

Констатирам дека предлогот на господинот Жерновски не е прифатен.

Процедурално за збор се јавува господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ручди Матоши:** Благодарам господине потпретседателе.

И од страна на парламентарната група на ДПА го поздравуваме враќањето на ДУИ овде во овој Парламент.

И ние го поддржуваме господинот Андреј Жерновски, да имаме едно објаснување во врска со договорената агенда за која се говореше доста во медиумите и знаеме како заврши тој договор. Но, ние како ДПА навистина знаеме дека постапките во политиката секогаш треба да ги образложат целите, како и постапките во економијата, или средствата треба да ги оправдаат целите.

Ние знаеме дека сето тоа што се случуваше пред медумите и пред целата македонска јавност, во овие четири месеци, беше еден политички блеф, каде ДУИ дефинитивно влезе во еден безизлезен пат и не знаеше како да излезе од тој ќорсокак. Затоа оценувајќи го и утврдувајќи го добро тоа дека ова е вистината и ние бараме објаснување. Зошто не. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Матоши.

Процедурално за збор се јавува господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, почитувани претставници од Владата, почитувани колеги и колешки пратеници,

Мојата забелешка не е процедурална. Јас барам дополнување на дневниот ред, слично како што побара и господинот Жерновски, слично како што побара и господинот Ружди Матоши, со предлог извештајот од резултатот на преговорите и договорите, воодушевувањата од страна на ДУИ што се договориле со ВМРО ДПМНЕ, за документот што постои, да биде точка на дневен ред.

Бараме да биде тоа прва точка во дневнот ред, документот да биде преведен на македонски јазик и да видиме зошто е задоволството на страната на ДУИ и на ВМРО ДПМНЕ толку големо. Мислиме дека и јавноста, но ние пратениците пред се, треба да го имаме гој документ и да расправаме овде во Собранието.

Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Вие го знаете Деловникот. Ќе се обратите писмено како што е редот, за оваа ифнормација да стигне на дневен ред.

Процедурално за збор се јавува пратеничката Лилјана Поповска.

**Лилјана Поповска:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани присутни претставници на Владата, почитувани колеги,

Мислам дека е добра идејата да се каже сосема отворено за што било разговарано помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ затоа што верувам дека на тој начин ќе се отстранат сите шпекулации околу тоа.

Јас сум сосема сигурна во она што премиерот го кажа дека е разговарано за три точки и тие три точки се разбирливи и прифатливи, верувам за сите нас овде.

Она што се спомнува како документ, сите слушнавме дека не е потпишано. Тоа е некаков нон-пејпер кој не е формолизиран дел на разговори. Дали тој бил на маса или не бил, тоа е друго прашање. Меѓутоа од она што го знаеме, знаеме дека документ не постои, потпишан документ. Според тоа јас не знам дали би имало смисла да се дискутира за документ. Но, јас гласав за предлогот на колегата Жерновски, гласав за, да се разговара за тоа за што е договорено, за да се отстранат шпекулациите, затоа што шпекулациите водат до криза во Парламентот, до создавање лоши односи, до создавање на доверба, а тоа нам не ни треба. Ние сме пред ЕУ, пред НАТО и нас ни треба стабилна ситуација во државата, а тоа најмногу се одразува во Парламентот. Од тие причини јас поддржувам, да се каже сосема отворено и едноставно, тоа што е договорено, практично да се повтори она што веќе беше кажано во јавноста.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Процедурално за збор се јавува господинот Сафет Незири.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Јас како пратеник на ПДП, исто така во име на мојот колега Блерим Беџети, соопштувам до пошироката јавност дека ние го претставуваме најголемиот електорат на ПДП и структурите на ПДП, исто времено ја поддржувам и коалицијата што ја имаме со ДУИ и во иднина би барал и би ги молел сите колеги, кога ќе ја спомнат оваа коалиција, да ја спомнат со вистинскиот поим, као што беше и до сега, коалицијата ДУИ и ПДП.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Незири.

Процедурално за збор се јавува господинот Ружди Матоши.

**Ружди Матоши:** Господине потпретседателе, барам еден час пауза, во името на парламентарната група, за да се консултираме за дневниот ред.

**Бесим Догани:** Предлагам еден час пауза.

(По паузата седницата продолжи во 13,23 часот).

**Љубиша Георгиевски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Уште еднаш ги повикувам пратениците да влезат во салата и да си ги заземат своите места.

Продолжуваме со работа.

Драги колеги, пред да пропдолжиме со седницата според предвиденото сценарио, дозволете ми да го поздравам присуството на пратеничката група на ДУИ во Парламентот, потцртувајќи ја важноста на тоа присусто како исклучително и сметајќи од сега натаму да работиме во полн состав. Благодарам за вниманието.

Во меѓувреме на овој дисплеј има процедурални најави.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине претседател, јас повторно стојам на тоа дека треба да добиеме информација која што би отворила дебата во однос на договорот кој што е дискутиран во јавноста и кој што договор го знаеме сите, јас лично и мојата парламентарна група знаеме, запознаени сме со тоа што значи тој договор и таксативно ќе набројам три елементи од овој договор.

Првиот елемент е рекомпонирање на Комитетот за односи меу заедниците, што значи и ова е вистина, ќе се повлече еден пратеник од ВМРО-ДПМНЕ. Јас го поздравувам Јани Макрадули за успехот затоа што во овој Комитет ќе биде избран еден член од СДСМ.

Второ, ќе има 46 закони кои се утврдиле како закони кои ќе се изгласаат со Бадинтерово мнозинство. Јас им велам на парламентарната група на ДУИ дека го немаат Бадинтер затоа што се само 15 пратеници. Еве нека земат уште двајца од ВМРО-ДПМНЕ, ќе бидат 17. Меѓутоа за Бадинтер треба мнозинство од 18 пратеници.

Трето, закон кој ќе важи за основањето на овој Комитет, што значи секој пратеник, секоја политичка партија која ќе конкурира со своите пратеници, при конкурирањето треба да ја определи националната припадност на секој пратеник. Друг детал од договорот нема, освен овие три елементи што ги набројав јас.

Јас знам дека ДУИ во последно време се внесе во еден длабок политички дилетантизам, дилетантизам кој на моменти беше многу чувствителен за политиката во регионот, кога постоеше проблемот на Косово, проблем кој е во Агендата за решавање во клучните моменти кога Албанија, Македонија и Хрватска се во една Јадранска повелба и продолжуваат истите да ги исполнуваат условите за да станат членки на НАТО. Во тој момент тие излегоа од Парламентот и на девијантни начини покажуваат односно правеа постапки што ги разбра целата јавност.

Јас им порачувам на сите, прво на политичарите кои говорат околу овој договор, да не лажат. Нема отреба никој да изразува нервоза за тоа каде бил до вчера. До вчера бил дома, од дома во Парламентот, од Парламентот ќе излезе и веќе нема да оди дома и не знам каде ќе оди.

Јас би побарал конструктивност и барам да се изгласа овој предлог за информација за отворена дебата тука.

Истовремено претседателе и јас би ги поздравил што се вратија и ќе имаме расправа.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Предлогот за дневен ред го ставам на гласање.

Кој е за предлогот на господинот Ружди Матоши да се усвои неговиот предлог, да се стави на дневен ред таа тема.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 69 пратеници, за гласале 23, воздржан 1, против гласале 45.

Според тоа, предлогот не се прифаќа.

Следен за збор, се надевам процедурално, се јавува господинот Ѓорѓи Оровчанец.

Повелете господине Оровчанец, имате три минути.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Благодарам господине претседателе.

До колку го изгласавме овој предлог јас ќе се повлечев и немаше да зборувам, меѓутоа очигледно е дека нема разбирање околу овој предлог. Меѓутоа демократија подразбира и процедура, ние таа процедура треба да ја почитувме. Од друг страна би рекол и би го поздравил ДУИ што се врати во Парламентот, меѓутоа останува да виси мислењето или недозреано мислење во јавноста, па и овде меѓу пратениците, за што точно се работи, дали е постигнат договор меѓу две политички партии или субјекти, или е постигнат нов заговор против Република Македонија со наметнување на еден нов рамковен договор. За ова прашање право место за дијалог е Собранието на Република Македонија, а не начинот на кој се водеше во изминатиот период, вонинституционално. Дали ова подразбира во секоја друга прилика, било кои други пратеници или групи на пратеници едноставно да го напуштат ова Собрание токму поради истите причини. Мислам дека е крајно време оние кои се заговорници против оваа точка на дневен ред дека прават лоша услуга на демократијата на Република Македонија. Сметам дека многу јавно и транспарентно треба да се излезе да се каже со што точно се манипулира, како точно стои договорот и каде ние сите како општество се наоѓаме, во овој меѓупартиски договор. Мислам дека државата Република Македонија е многу повеќе од две политички партии чии жалосници во овој момент сме сите ние пратеници овде.

Во контекст на ова ќе спомнам уште една работа. Овде веќе не зборуваме за меѓуетничка релација. Овде гледаме дека има и интеретнички судир. Практично имаме една ситуација во која што и во самата Влада пратениците кои се од албанската групација на ДПА, практично не го знаат договорот. Со други зборови договорот е многу нејасен, носи неизвестности и можеме да се доведеме во ситуација понатаму да зборуваме за нешто за што најмалку имаме сознание, или ја

преселивме демократијата од Парламентот во Клубот на пратениците. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас, но не сфатив што е процедуралната интервенција.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Процедуралната интервенција господине претседателе е, парламентарното мнозинство да ја сфати оваа поента и да го стави предлогот повторно на гласање и да го изгласаме и да се стави на дневен ред во друга форма.

**Љубиша Георгиевски:** Јас жалам но тоа е против секоја разумна процедура, а поготово против процедурата на Парламентот.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Можеме и да го преформулираме.

**Љубиша Георгиевски:** Добро. Благодарам. Разбрав.

Процедурално за збор се јавува господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, ќе се повикам на член 59 каде претседателот на Собранието со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи работи врз основа на усогласување на ставовите и сакам да кажам дека предлогот за нова точка на дневен ред доаѓа од седум политички партии овде во Собранието. Не мислам дека треба така лесно да се игнорира.

Гласањето, пред малку, покажа дека Владата го има изгубено мнозинството овде во Собранието. само 45 пратеници го поддржаа или гласаа против она што беше расправа или не овде во Собранието.

Второ, не може да се игнорира барањето на седум политички партии овде во Собранието да не се расправа по една тема.

И, трето, најдобар доказ да не се шпекулира и да не се употребува името на други политички партии, како што тоа го направи господинот Матоши, најодговорно, како координатор на пратеничката група на СДС и потпретседател, тврдам дека ниту Ахмети, ниту Груевски имаа мандат да преговараат во име на СДС и час поскоро, докоментот треба да биде донесен овде во Собранието за да не станеме заложници на тајни договори што многу години наназад и нанеле штета на Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ако ја спорите регуларноста на гласањето, според Деовникот тука ништо не е спорно. Спор е тоа, јас ја разбирам вашата политичка поента, меѓутоа процедурата не е спорна или не е оспорена од вас.

Господине Андреј Жерновски повелете, вашите три минути.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Мојата реакција, интервенција ќе биде навистина процедурална.

Вие, како претседател, го прекршивте Деловникот на Собранието на Република Македонија од проста причина што еден предлог, не е битно што пред тоа беше од ЛДП, не сакам политички маркетинг да правам, кој што не помина, иако беше многу тесен, вие не бевте овде, можеби за тоа е причината, сакам да ве прашам дали е тоа причината, со 38 против и 30 за, втор пат ставивте ист предлог. Бидејќи барањето на ЛДП и на ДПА беше исто, да дојде информацијата на дневен ред.

Мислам дека сосема ме разбирате, прекршена е процедурата. А, мора уште еднаш да побарам од вас, како претседател, да влијаете врз вашата политичка групација, бидејќи само таа е против, заедно со ДУИ, затоа што имаме информација од почитуваниот мој колега од ДПА Матоши дека има три точки од договорот, исто така од координаторот на ДУИ слушнавме дека има пет точки. Дали тоа што е на англиски јазик ги буни политичките партии, па според англискиот јазик за еден е три точки, за друг е пет точки, но секогаш ќе лебдее таа дилема се додема на се стави договорот овде како информација од страна на Владата на дневен ред. Сакаме да знаеме дали се три точки, дали се пет точки? Бидејќи оние две останати точки кои некој овде се обидува да ги прикрие, се оние кои се спротивни на Уставот на Република Македонија. Бидејќи, нема поинаков начин на бирање на Влада. Има еден начин на избот на Влада, барем денеска во Република Македонија.

Така што, според нас, во ЛДП, направен е нов договор што до вчера се викаше Охридски рамковен договор, а денеска имаме во Република Македонија Скопски рамковен договор.

И мислам, на крајот, да завршам нема да ми требаат три минути, јас мислам дека ова е најдобро за самата партија ВМРО-ДПМНЕ бидејќи поинаку, ако го погледнете листингот, денеска медиумите и јавноста ќе можат да заклучат дека всушност, споре гласањето за оваа точка ние имаме де факто и де јуре нова коалиција на политичката сцена во Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓа Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Благодарам претседателе.

Би сакала прво да го поздравам враањето на пратеничката партија ДУИ и ПДП во Парламентот. Сметам дека нивното враќање во институциите на демократијата претставува особено значаен чекор во овој клучен момент кога Македонија доби забрзан акционен план за влез во НАТО и кога единствено на што треба во овој, навистина, значаен момент да се фокусираме е добивањето покана за влез во НАТО, а потоа и датум за преговори за влез во Европската унија.

Колку што јас добро се сеќавам, координаторите на сите политички партии се состанавме и се договоривме дека треба да има дијалог. Дека кризата треба да се надмине. Особено многу се залагаа, ама буквално сите, вклучувајќи ги и

СДСМ, вклучувајќи ги и ДПА, па дури еве и јас како координатор, и се разбира, ДПМНЕ.

Македонија покажа дека преговарачите направиле добра работа затоа што меѓу политичките партии може да има дијалог. Покажа зрелост за надминување на одредени политички проблеми, она што од нас веќе повеќе месеци се очекуваше.

Затоа, сметам, простете претседателе, но и вие и потпретседателот, направивте грешка кога дозволивте дискусија под името на процедура на оваа тема. Сметам дека денеска требаше да биде свечен чин на враќање на демократските институции во оваа земја и дека требаше да продолжиме со нормална работа. А, тогаш, кога ќе се исполнат услови за дискусија на оваа тема, се разбира дека и јас се залагам дека треба да биде транспарентно сето она што се случувало и дека сите пратеници треба да бидат информирани за тоа што се случувало.

Како пратеник на Собранието верувам дека и премиерот и координаторот на ДПА ја зборуваат вистината и не гледам дека има разлика меѓу она што го кажа ДПА и ДУИ во овој момент во Собранието.

Ве молам да ја прекинете понатамошната дискусија на оваа тема и да продолжиме со нормална работа. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** За жал јас немам такви овластувања. Според Деловникот јас морам, во разумни граници, да допуштам и процедурална дискусија.

Во таа смисла му давам збор уште и на господин Јован Манасијевски, повелете. Но, ќе гледам во границите на разумот, па барам од секоја претставничка група овде да се каже мислењето. Јас мислам дека до сега е покажано мислењето, но повелете, бидејќи господинот Јован Манасијевски се беше јавил, повелете имате збор процедурално.

**Јован Манасијевски:** Благодарам господине претседателе.

Врз основа на член 32 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, што ги регулира прашањата на информирање на пратениците и обезбедување услови за вршењето функција пратеник, бидејќи на два пати се одбива барањето за информација за самиот договор, тогаш молам, во најитен рок да се обратите, како претседател на Собранието, до претседателот на Владата, до сите пратеници да биде доставен потпишаниот договор во оригинална верзија на англиски јазик. Тога ќе можеме да се осведочиме дали има три или пет точки, што е точно содржината и што е вистината.

Пред пет години, кога се потпиша Рамковниот договор, веднаш беше објавен со сите анекси, како пугликација и беше достапен на целата македонска јавност.

Срамота е денес после 5 години еден договор да се крие и најдобро би било самиот премиер да го изложи и да го образложи тоа што е потпишано пред македонската јавност.

Значи врз основа на член 32 барам уште во текот на денешниот ден да се достави договорот што е постигнат и потпишан, затоа што од тој договор произлегуваат обврски за Собранието. Сите 5 точки регулираат обврски што ќе дојдат во Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Господине Манасијевски, најсериозно ја земам оваа ваша интервенција “ан нотам”.

Сега уште да го слушнеме мислењето на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ.

Има збор госпоѓа Силвана Бонева, потоа Владимир Ѓорчев и со тоа предлагам да го завршиме процедуралниот дел, за да го утврдиме евентуално дневниот ред пред паузата за ручек.

Повелете госпоѓо Бонева.

**Силвана Бонева:** Благодарам почитуван претседателе.

Во текот на денешниот ден се изнаслушавме секакви констатации, неосновани констатации од страна на пратениците од СДСМ и ЛДП. Јас не знам дали не сакаат да го читаат Деловникот за работа на Собранието, меѓутоа, факт е дека член 66 од Деловникот јасно зборува дека пратеник и Владата можат и по свикување на седницата, како и на самата седница, до утврдување на дневен ред, да предложат во дневниот ред да се венсе одредено прашање, во случај на итна и неодложна потреба, меѓутоа, имаме и член од Деловникот во кој јасно се зборува дека треба да има писмена информација за тоа. Ниту еден пратеник кој што бараше да се псотави точка на дневен ред нема доставено писмена информација.

(Реакција од страна на пратениците на опозицијата).

До сега зборував за процедура која што треба да ја почитуваат сите пратеници во Собранието на Република Македонија, а сега, бидејќи има огромен интерес од страна на опозицијата за прашањето кое што бараат да биде ставено на дневен ред, можам само да го потврдам тоа што го кажа господинот Матоши и пратеничката група на ДУИ дека не постои никаков писмен договор.

Ве молам, почитувани колеги, цело време имаше разговори меѓу парламентарното мнозинство и политичката партија ДУИ, разговори за сериозни прашања кои беа барани од ДУИ, меѓутоа, не постои никаков потпишан договор за да може да биде презентиран во Собранието на Република Македонија.

Она за што има усна согласност меѓу парламентарното мнозинство и политичката партија ДУИ, јас како учесник во работната група тврдам дека сите разговори се водеа во рамките на Уставот на Република Македонија и Охридскиот рамковен договор и листата која што е договорена од 46 закони дека треба да биде гласана со Бадинтер, тоа е усна согласност меѓу

политички партии, не е во рамките на институциите постигната согласност.

Комитетот за односи меѓу заедниците треба да си го даде своето мислење и откако Комитетот ќе го даде мислењето во кое ќе учествуваат сите политички партии во Парламентот, дури тогаш ова ќе стане составен дел на Деловникот за работа на Собранието на Република Македонија. Ова е тоа што е договорено, тоа што го кажа господинот Матоши за Комитетот и не треба да има понатаму шпекулации кои одат на штета на Република Македонија , на интересите на оваа земја, во овој момент кога сме во потполн состав во Собранието на Република Македонија да работиме сите заедно на нашите евроинтеграции, а не да зборуваме за заговори и на штета на земјата.

(Реакции од пратениците на СДСМ и ЛДП).

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам, ова е еден од важните моменти за иднината на целата наша татковина.

(Реакции)

Ве молам, опозицијата да не тура сол на раните на Република Македонија.

(Реакции)

Тоа најсериозно ви го кажувам.

Уште еднаш, заклучувајки ја дискусијата процедурална, за која наоѓам дека ако ја продолжам и понатаму ќе биде екстремно штетна, уште еднаш ја подвлекувам важноста на присуството на пратеничката група на ДУИ во ДУИ.

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

(Реакции од пратениците на пратеничката група на СДСМ и на ЛДП и сите излегуваат од салата).

1.Предлог на одлука за испраќање единици на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција во Ирак;

2.Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Мито Хаџи Василев Јасмин”;

3.Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “23 Октомври”;

4.Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија;

5.Предлог за донесување на закон за ратификација на Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Словенија за соработка во областа на здравството и медицината, со Предлог на закон;

6.Предлог за донесување на закон за ратификација на Амандман на Конвенцијата за забрана или ограничување на користењето на некои видови конвенционални оружја за кои се смета дека предизвикуваат прекумерни повреди или дека имаат индискриминирачки ефекти - ЦЦЊ, со Предлог на закон;

7.Предлог за донесување на закон за ратификација на Договорот за социјално осигурување меѓу Македонската Влада и Белгиската Влада, со Предлог на закон;

8. Предлог за донесување на закон за ратификација на Тристраната конвенција во врска со Трансбалканскиот нафтоводен систем помеѓу Република Албанија, Република Бугарија и Република Македонија, со Предлог на закон;

9. Предлог за донесување на закон за ратификација на Конвенцијата за полициска соработка во Југоисточна Европа, со Предлог на закон;

10. Предлог за донесување на закон за основање на Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој, со Предлог на закон;

11. Предлог на закон за соработка помеѓу Република Македонија и Меѓународниот кривичен суд за гонење лица одговорни за сериозни повреди на Меѓународното хуманитарно право, извршени на територијата на поранешна Југославија;

12. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за даноците на имот, со Предлог на закон;

13. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за административните такси, со Предлог на закон;

14. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за комуналните такси, со Предлог на закон;

15. Предлог за донесување на закон за јавните набавки, со Предлог на закон;

16.Инфорамција за случувањата на Универзитетот “Свети Климент Охридски” - Битола, во врска со Високата медицинска школа во Битола за период од 1 септември 2006 до 12 март 2007 година.

Дали има некој предлог за изменување на предложениот дневен ред? (Не).

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Ги молам службите да досатават точен број на присутни пратеници во салата.

63 пратени се присутни во салата, гласале 53 пратеници, сите 53 пратеници гласале за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

**Минуваме на точката 1 - Предлог на одлука за испраќање единици на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција во Ирак;**

Предлогот на одлуката ви е доставен.

Отворам претрес по предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави министерот за одбрана.

Повелете господине министер.

**Лазар Еленоски:** Благодарам претседателе.

Најпрво би сакал да кажам дека денес Македонија има повеќе причини да слави. Едната од тие причини е роден денот на претседателот на Собранието и би сакал да ја искористам приликата да му честитам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

(Аплауз од присутните пратеници)

**Лазар Еленоски:** Се надевам дека претседателот ќе не почести за време на паузата.

Втората причина нема да ја спомнувам, меѓутоа имајќи предвид дека не сум пратеник, нема да ја злоупотребам говорницата.

Одлуката што ја имате како точка на дневен ред пред вас, а тоа е Предлог на одлука за испраќање единици на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција во Ирак, станува збор за стандардна ротација на нашиот состав во операцијата "Слобода за Ирак". Вие знаете дека таму сме присутни со еден вод на специјалните сили од 2003 година, со 35 припадници на вооружените сили. 5 офицери се сместени како штабни офицери во Командата на Мултинационалните сили и имаме 2 офицери во Централната команда на операцијата "Слобода за Ирак" што се наоѓа во Флорида. Во тој дел, исто како и претходните сите одлуки за сите ротации, ја предлагаме оваа одлука и го замолуваме Парламентот да ја донесе, но мене ми е жал што одлуката нема да биде со полн консензус како во претходните случаи, имајќи предвид дека СДСМ и ЛДП ја напуштија салата. Обично оваа стратешка определба за Република Македонија за учество во мировните операции е добро што до сега се донесувала со консензус, бидејќи тоа е очигледно сватено од сите парламентарни и непарламентарни партии и Македонија и се надевам и во иднина ќе продолжи таа пракса. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

Дали некој друг бара збор? (Не)

Бидејќи нема пријавено за збор, го заклучувам претресот по текстот и Предлогот на одлуката ја ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 62 пратеника, сите 62 пратеника гласале за, воздржани нема, против нема.

Констатирам дека Собранието ја донесе Одлуката за испраќање единици на Армијата на Република Македонија за учество во Мировната операција во Ирак;

**Минуваме на точката 2 - Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџи Василев Јасмин";**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Предлогот на одлуката го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

При присуство на 61 пратеник, гласале 52, за гласале сите 52.

Констатира дека Собранието ја донесе Одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "Мито Хаџи Василев Јасмин".

**Минуваме на точката 3 - Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата "23 Октомври";**

Предлогот на одлуката ви е поделен.

Отворам претрес по предлогот на одлуката.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави господин Оливер Спасовски.

Господине Спасовски, бидејки имаме една минута до паузата, дали сакате сега да понете па да продолжите или после паузата, како преферирате.

**Оливер Спасовски:** После паузата.

**Љубиша Георгиевски:** Тогаш објавувам пауза за ручек до 15,00 часот.

(Паузата започна во 14,00 часот)

(Седницата продолжи со работа во 15,10 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги молам пратениците да седнат на своите места, продолжуваме со работа.

Има збор господинот пратеник Спасовски Оливер, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Сосема на кратко сакам околу Предлог-одлуката за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 23 Октовмри, тоа што вчера помина на Комисијата, сакам тоа што вчера го кажав и пред Комисијата да го кажам како свое мислење и пред пратениците во Собранието и пред македонската јавност.

Сметам дека на оваа тема се навраќаме по трет пат. Денеска, со конечно донесување одлука за претседател и членови на наградата 23 Октомври, меѓутоа плус со уште еден аргумент за тоа што го говоревме и при донесувањето на Законот за празниците и при донесувањето на Законот за наградите, со што се востанови 23 Октомври како награда што треба да се доделува понатаму.

И јас и пратеничката група на СДСМ длабоко сме убедени дека со самото тоа што 23 Октомври, при донесувањето на законот за празници во Република Македонија и тогаш и сега тврдиме дека беше ставен исклучиво од партиски мотиви и ветувања што ги има дадено ВМРО-ДПМНЕ пред своето членство. Длабоко сум уведен дека на овој начин, а и со денешнава одлука до крај се

приватизира овој процес во Република Македонија и во делот на празниците и во делот на доделувањето на наградите, уште тогаш рековме дека многу почесно беше да 23 Октомври го запишете како празник со името, за основањето на ВМРО, а не како Ден на македонската револуционерна борба.

Потврда на тоа беше поднесувањето на Законот за награди, за утврдување државна награда, иато така од претставник на ВМРО-ДПМНЕ во Парламентот и заменик координатор. И сега, врв на сето ова е Комисијата што се предлага односно Одборот за доделуање награди и признанија.

До сега било практика да при утврдување на предлози за претседател и членови на ваквите одбори има консултации меѓу пратеничките групи и, согласно со постигнатиот договор помеѓу пратеничките групи да се направи еден вакои одбор, меѓутоа ваквиот начин на кој што беше предложено, односно даден предлог од страна на Министерството за култура за состав на Одборот, во состав кој е исклучиво од членови на ВМРО-ДПМНЕ и од ДПА, уште еднаш покажувате дека ова е вашата определба за исклучиво само ваш празник, за ваша награда, избор во Одборот на ваши луѓе кои треба да доделат награда, исто така, на некои од вашите луѓе. Со тоа покажавте дека не сакате да го востановите како државен празник овој празник, туку напротив само како законска рамка да им покажете на сите граѓани во Република Македонија дека моќта е во ваши раце и дека можете да направите сопствениот празик на партијата, оној што го славевте да биде и државен празник.

Меѓутоа самиот начин на кој што се бира овој Одбор, според предлогот што е даден, во кој што не вклучувате ниту една полтитичка партија застапена во Парламентот, само ги потврдува моите ставови и мислења што ги искажав и на досегашните седници во Собранието, реков дека уште кога во два наврати разговаравме на таа тема, уште еднаш ми потврдивте да останам цврсто на ставот, да бидам и против оваа Одлука за избор на претседател и членови на Одборот, а вие продолжете во тој стил, онака како што започнавте. Изберете ја и денеска оваа Комисија, реков составена од ваши луѓе, што ќе донесе и додели награда на некои ваши луѓе.

Нека ви е со среќа, продолжите со таков стил на однесување. Тоа веројатно има кој да го цени и ќе го цени во наредниот период во Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеник господин Николовски Александар.

Не е присутен во салата.

Има збор госпоѓа пратеник Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници,

По издигањето на 23 Октомври на ниво државен празник, по востановувањето награда што треба да се доделува и тоа како највисоко признание во Република Македонија и со наградата насловена 23 Октомври и тоа како највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на науката, културата, образованието, заштитата на држаните интереси, како и промоција на државните квалитети, вредности, културно историското наследство на Република Македонија, значи една не само највисока туку и сеопфатна награда за долгогодишни остварувања во сите овие дејности што ги набројав. Сега, пред паратениците ја имаме и Одлуката за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври.

Ако сето ова го погледеме, мислам дека ќе беќе многу почесно да излезеа од ДПМНЕ и да кажеа ние на нашите членови им ветивме дека со доаѓањето на власт, денот, нашиот празник, што ние го чествуваме и го чуствуваме само наши и никако не може да биде празник на останатите граѓани на Република Македонија, ќе го издигнеме на ниво на државен празник. Ќе си востановиме награда, ќе си направиме наш Одбор со наши луѓе, на што претседател ќе биде академик Никола Кљусев, да не се лажеме, сите знаеме каде припаѓа почитуваниот академик Никола Кљусев и чиј член е. Ќе си доделиме највисоко признание од постигнувањата на сите области повторно на некој од нашите членови. Или, ако бидеме малку поширокогради или можеби и на некој од нашите симпатизери.

Почитувани колеги пратеници,

На ваков начин да се добие список за членови на оваа награда, при тоа воопшто да не се има во вид досегашната пракса, барем кога се говори за оддавање признанија и награди, да се консултираат и останатите претставници од останатите политички партии кои членуваат во Парламентот, навистина уште повеќе ме упатува на тоа дека вие не сакате ова да биде празник и да биде награда за сите граѓани на Република Македонија. Туку сакате исклучиво да биде ваша награда, односно да ги исполните ветувањата само на оние членови на кои им ги имате дадено. Заборавајќи при тоа, дека кога веќе се станува премиер, кога се прави Влада и кога се има одговорноста за водење на државата тогаш веќе не сте глава на членовите на ВМРО-ДПМНЕ, туку сте Влада на сите граѓани на Република Македонија.

Сега ќе се запрашам дали исклучиви достигнувања во областа на науката, културата, образованието, па и државните интереси, промоција на вредностите на културното и историското наследство имаат само членовите на ВМРО-ДПМНЕ и по некои од нивните симпатизери? Дали и со оваа награда уште еднаш не доаѓа во израз вашата пренагласеност иницијативност за награди.

И нависитна, наместо да говориме за еден концепт во кој што сите граѓани во Македонија ќе се чуствуваат достоинствени граѓани во Македонија, со ова повторно ги делите како по етничка основа, така и по партиска основа. Навистина, апсолутно, овој синдром што се повеќе, од ден на ден се наметнува, на поделби, не ја води Република Македонија на вистинскиот пат.

(Џагор во салата, а претседавачот предупредува ред со ѕвончето).

Очигледно, почитуван потпретседателе дека на најголем број прартеници од коалицијата на власт не им е интересно ова што говориме ние. Има и такви, со ретки исклучоци, кои навистина внимателно ги следат дискусиите и се надевам ги допираат, увидуваат дека по некаде грешат, но најголемиот број си мислат: вие зборувајте што сакате, ние она што сме си го намислиле ќе си го направиме; говорите 5 дена за непотизмот, нашите роднини, блиски, пријатели, сопрузи, браќа, сестри, ќе си останат на местата каде се наоѓаат без разлика на тоа каков закон ќе донесете; говорете што сакате за овој состав на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври, ние си воспоставивме наш државен празник, си направивме наша награда, си направивме наш Одбор, каде членови се исто членови на нашата партија и ако говориме, апропо, ја спомнав темата за непотизмот, дури и еден од членовите кои овде се нудат, госпоѓата Тања Тодоровска - балетски уметник и тука можам да го спомнам непотизмот, затоа што е сопруга на директорот на Јавна безбедност. Тоа значи дека и другите можам да ги спомнувам по тој основ меѓутоа не би сакала сега поединечно да влегувам, затоа што навистина, некој од нив имаат и одредени стручни квалитети што навистина можат да се најдат на овој список.

Но, реков дека вака направениот список, вака доделената одлука уште повеќе го засилува сомнежот дека вие не сакате 23 Октомври да биде ден на сите граѓани на нашата земја, туку апсолутно сметате дека тоа треба да биде само ваш празник.

Сега, јас ќе се запрашам, дали треба и научниците, дали треба и истражувачите, дали треба и нашите уметници да ги делиме и овој пат по партиска основа, дали еден научник од областа на биологијата или било која друга област, кој со своето откритие во голема мера ќе придонесе за здрвјето на граѓаните, за добрто на Република Македонија, дали тој, доколу нема партиска книшка од ВМРО-ДПМНЕ нема да може да ја добие оваа награда? Или пак вие, почитувани колеги мислите исклучиво патриотите на кои исклучително многу мислите на тој збор, патриотизам, но за жал, се покажа дека и тоа не е искрено кај вас, се наоѓаат само на онаа страна на Парламентот, додека сите други со својата работа, со своето дело, со своите научни истражувања немаат придонесено за историската листа во Република Македонија. Немаат придонесено во областа на истражувањата за поблиската и подалечна историја на Македонија, немаат придонесено за остварувањата од областа на техниката и науката.

Навистина, морам да го искажам своето жалење и мислам дека овој пат можеше да помине без сите овие дискусии и повторно да не се навраќаме на иста тема дали е тоа дена на почеток на револуционерната борба на Македонија за што се говореше овде дека не е тоа денот на почетокот на револуционерната борба на Македонија, затоа што револуционерната борба во Македонија почнала, многу порано пред овој датум. И, ќе ги немаше овие дискусии. Можеби, едногласно ќе беше прифатен ако вие покажевте само малку добра волја и при составување на...

(Џагор во салата).

Јас би замолила господине потпретседателе ако може да...

(Потпретседателот предупредува на ред со ѕвончето).

Мислам дека е ...

Ќе почекам колегата да заврши со забавувањето на првиот ред од пратениците па ќе продолжам понатаму, затоа што во тој ред барем еден или двајца ги следат дискусиите. И токму поради нив, а мислам дека ги следат со достојна почит и токму во името на тие еден или двајца јас ја прекинав дискусијата и сега ќе продолжам.

Значи, немаше да ги има сите овие дискусии ако вие направевте било какви консултации со претставниците на политичките партии заспатени во Парламентот. За жал, работите ги терате со сила и, кога работите се тераат со сила и кога се работи за нешто убаво, како што е доделување на највисокото признание Државна награда, тогаш не водат кон добро. Тогаш ќе ги имаме овие дебати, тогаш ќе се докажуваме кој како го чувствува овој ден, кој како ја чувствува оваа награда и тоа во ниту една насока нема да ни даде резултати. Само малку добра волја од ваша страна, само малку заемна почит можеше да доведе до тоа сите овие дискусии да не бидат потребни денеска во Парламентот.

За жал, најверојатно, немате таква желба, па повторно ќе се случи да, поради една банална работа, како што беше Законот за радиодифузија да една партија го напушти Парламентот и се врати назад со потпишан нов Рамковен договор. Ете, тоа е кога не сакаме, тоа се случува кога не сакаме овде да се договараме. И, сето тоа оди единствено на штета на Република Македонија, на штета на нејзините интеграции во НАТО Алијансата и Европската унија.

Почитувани колеги пратеници, се надевам дека од ова што овде се говори ќе извлечете некои поуки и во иднина нема да ни се случува на ваков начин да ги добиваме документите и за една работа за која што можеме да се договориме тука, да ја терате на сила.

И вака како, еве точно ме потсети и мелодијата што сега ја слушнав, вака како што тргнале

работите, најверојатно следното што ќе биде без консултација пак, на никој во Република Македонија да ја промените и државната химна на Република Македонија. А тоа, секако, дека таа веќе ништо не ви значи. Го покажувате со самото тоа што и вашата и државната химна на Република Македонија не се интонирани на прославите и на значајните настани кој што ги организира партијата на власт ВМРО-ДПМНЕ. Значи, следен чекор после ова е промената на химната на Република Македонија.

Од сето ова што го кажав не само поради ставот што сме го имале порано во однос на ова јас реков дека и тогаш немам ништо против работите да се дефинираат со вистинското име и да се каже чиј празник е 23 октомври и зошто треба да се прославува и така да го изнесеме својот став, да дадеме и поддршка ако треба. Но, вака како што ги терате работите апсолутно вие не сакате воопшто да соработувате, ниту пак да ги слушнете забелешките од опозицијата, туку како што кажав на почетокот работите по принципот што сака нека си зборува опозицијата, што сака нека си кажува, без разлика колку е тоа консруктивно, ние она што сме го намислиле ќе го направиме без разлика дали ќе почитуваме или нема да почитуваме закони. Така кршењето на закони е својствено на партијата на власт и ние не сносиме никакви санкции, ако другите направат било што тогаш санкциите важат за нив. Јас не велам да не важат, напротив, законите треба да ги почитуаат сите и секој оној што се огрешил од законот треба да биде санкциониран, но тоа почитувани колеги пратеници треба да важи за сите, и за оние што ја практикуваат власта и оние што не ја практикуваат, и оние што се нивни симпатизери и за оние што не се нивни симпатизери поддржувачи.

Од сето ова што го кажав сметам дека наместо ова да биде еден убав момент за кој што сите ќе дадеме поддршка, барем кога се работи за доделување на највисоко признание нема да дадам поддршка на овој состав на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври. Мене навистина ми е жал што, секако дека овде има и членови во оваа комисија кои што заслужуваат да бидат таму, но сега сите мора да се најдат под еден исти, на едно исто место и за сите нив да не дадеме поддршка. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам и јас госпоѓо Топузова Каревска.

Има збор господинот Борис Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам за дадениот збор потпретседателе.

По се изгледа дека пракса станува во овој Парламент јас како пратеник да можам да добијам збор единствено кога претседателот на Соберанието Љубиша Георгиевски е отсутен и не ги води лично седниците. Среќа секој ден си заминува после паузата во 14 часот дома, додека му трае работното време за платата што ја зима со коефициент од 4,5, па пресметајте колку е тоа, за колку работи часови дневно. Сега ако ме гледа од дома би го поздравил срдечно, би му се обратил преку телевизиските камери во неговиот дом и би му порачал дека секогаш кога тој не ги води седниците македонското собрание има поголем демократски капацитет.

**Бесим Догани:** Господине Кондарко ве молам.

**Борис Кондарко:** И вас да не ви оставил некој аманет претседателот да ме прекинувате.

**Бесим Догани:** Не, не ве прекинувам.

**Борис Ккондарко:** Затоа што за вас имам многу високо мислење, секогаш сте коректни.

**Бесим Догани:** Исто и јас за вас господине Кондарко, но би ве молел, еве имавте простор да се искажете за вашата реакција а сега би ве замолил да поминете на точката на дневниот ред.

**Борис Кондарко:** Ова е како ваша добра волја.

Благодарам, ќе ви ја уважам молбата и сега ќе зборувам за точката на дневниот ред.

Значи јас предлагам оваа Предлог одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври да се укине, да се повлече и да се симне од дневен ред.

Законска обврска е, затоа што по предлог на еден пратеник од ВМРО ДПМНЕ си измисливте ваш партиско државен празник. Сега, Демократската партија за македонско национално единство си има свој државен празник и ќе си поставува свои партиски луѓе во Одборот за доделување на наградата, која е измислена за да се востанови претходно државен партиски празник, наводно како ден на македонската револуционерна борба, меѓутоа тоа е всушност денот на формирањето на ВМРО, меѓутоа на она вистинското, револуционерното и историското ВМРО, а не ова како партија за Демократско национално единство, што се разбира нема врска со она патриотското, историско ВМРО.

Значи, за да се додели оваа награда претходно се измисли партиски државен празник. Целата држава сега, СДСМ сите граѓани, сите политички партии треба да имаме неработен ден, да славиме и да се поклонуваме пред партискиот олтар на Македонското национално единство. Ова господа од ДПНЕ треба да биде ако е веќе дравен празник, прво треба да биде празник на сите граѓани на Република Македонија, кои ги почитуваме историските вредности на револуционерното, патриотското, ВМРО кој уште еднаш ќе кажам нема никаква врска со ДПНЕ. Значи јас ви предлагам и добро е да се заштитат четирите свети историски македонски букви ВМРО. Да се заштитат на ниво на закон и да има државен празник кој ќе го славиме сите подеднакво. И да има државни награди кои ќе се доделуваат за сите граѓани на Република Македонија. Меѓутоа во тој случај ќе треба Демократската партија за македонско

национално единство да се откаже од дел од своето име кое не и припаѓа.

Се надевам дека нема првата награда овој одбор кој денеска ќе го формирате да ја додели на премиерот односно на претседателот на ДПМНЕ за особено високи заслуги во висината на партискиот рејтинг. Или пак ако во меѓувреме не се донесе некој нов закон и врз основа на тоа не се измисли некоја нова државна награда за да се слави роденденот на претседателот на Демократската партија за македонско национално единство Благодарам.

**Бесим Догани:**Благодарам господине Кондарко.

Реплика има госодинот Илија Димоски, повелте.

**Илија Димовски:** Благодарам потпретседателе.

Иако очекував дека ќе има реакција по однос на оваа тема, не очкував дека половина пратеничка група ќе ја гледам на екранот пријавени за дискусија поради тоа што сметам дека апсолутно не држат место овие дискусии сега да се водат, меѓутоа ќе ја кажам мојата аргументација во насока да насочам дека токму дискусијата на господинот Кондарко претставува проблем, начинот на перцепција на работите во оваа држава.

Во одлуката, ако добро погледнавте има двајца академици, има 6 доктори на академија на науки, има двајца звучни, писатели. Нема да ги кажувам имињата, се надевам дека и вие ќе го задржите дигниттот за да не им наштетиме на луѓето и да не ги ставиме во овие наши партиски препукувања.

Значи 10 луѓе се со врвен авторитет во ова држава. Негирањето на квалитетот на овие луѓе е чисто партиско гледање на работите, ништо друго. Значењето на 23 октомври за огромен број на граѓаните е огромно. Ако колегите од СДСМ не го знаат, не го чувствуваат и не го разбираат значењето на огромната саможртва на илјадници македонци кои што во име на ВМРО и во име на Македонија гинеле од 1893 до 1990 година треба да сфатат една работа. Македонија е држава и на граѓаните кои што имаат политичко лево убедување и на граѓаните кои што имаат политичко десно убедување. Само така ќе знаеме да постигнеме еден коегзистентен нацонален пристап кон работите. На никаков поинаков начин. Јас ги разбирам колегите од опозицијата, навикнати се на 50, 60 години апсолутно владеење на комунизмот во Република Македонија, меѓутоа мора да разберат дека во оваа држава огромен е бројот на граѓаните кои што во своите фамилии претрпувале огромни жртви поради тоа што биле припадници на ВМРО во периодите пред 1990 година. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Димоски.

Господине Кондарко не сакате да контрареплицирате, во ред.

Пред да продолжиме јас сум должен да ве потсетам дека тема на денешната дискусија односно на третата точка не носење на законот за награди, туку е Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври. Затоа би ве замолил повеќе да се задржите во овој дел. Ви благодарам.

Продолжуваме со работа.

Има збор господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Почитуван потпретседателе, колешки и колеги пратеници.

Можеме да бидеме и преформални ако сакаме, но одлуката не се вика одлука за именување на претседател и членови од ВМРО ДПМНЕ, туку се вика Одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври.

Наше е сосема легитимно право да разговараме и дебатираме дали овие личности можат да соодветствуваат на наградата 23 Октомври и апсолутно можеме да зборуваме за наградата 23 Октомври како дел од ова Предлог на одлука што ја имаме пред нас. Да не бевме толку формални веројатно и предлогот на ДПА од сабајле, за гледање на тајниот договор помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ ќе го имаше на маса и денеска ќе дебатиравме за она што цела политичка јавност, сите граѓани во Република Македонија го бараат, а тоа е што е договорено помеѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ. Но, заради такви формални работи тој предлог беше одбиен да не влеземе во нови апсолутно непотребни формално процедури кои што сепак се на наша страна.

Она што важи за претходната одлука, тоа е одлуката за наградата Мито Хаџивасилев Јасмин, претседател и членовите на одборот, тоа е дека после подолго време се воведува една пракса во Собранието парламентарното мнозинство воопшто кога се формираат вакви одбори да не доставува барем писмо до координаторите на пратеничките групи како претставници на пратеничките групи да достават мислења. Парламентарната пракса во Република Македонија во изминатите 16 години го познава тоа. Не постоела ситуација кога се формирал некој одбор, или некоја комисија управни одбори кога беа во рамки на Собранието, каде што дел од предлозите не доаѓаа и од страна на опозициските партии. Затоа Парламентот е различна институција од Владата, затоа во Парламентот се вели се функционира со усогласување на ставовите. Тогаш останува на пратеничката група да достави предлози, па доколку поминат на комисии, или се усогласат, доколку тие се квалитетни тогаш можеме да зборуваме за некаква парламентарна демократија.

На овој начин продолжува масовната партизација на се живо и диво во Република Македонија. Кога можеме една награда да ја политизираме и да ја партизираме и овде во Парламентот кога еден од 12 луѓе не се дава да биде предлог на опозицијата тогаш имаме проблем со разбирањето на парламентарната демократија.

Потоа да не дојде до забуна дека некој во СДСМ мисли дека членовите што се предложени за

одборот, или во ВМРО ДПМНЕ не членуваат доктори на науки, или академици. Ако е академик или доктор на наука тој мора да биде некој од лева ориентација. Не, веруваме дека и доктор на наука може да биде член на ВМРО ДПМНЕ. Значи, да не ги мешаме тие работи.

Ако зборуваме дека има осум члена овде што биле доктори на науки тоа не значи дека тие не се членови на ВМРО ДПМНЕ. Тие што ги знаат работите, во зависност од факултетот од кој што доаѓаат знаат како се одвива и знаат на која политичка партија припаѓаат. Затоа да не правиме дигресија со титулата на луѓето и со нивната патиска припадност.

Јас не знам дали воодушевачкиот договор на ДУИ со ВМРО ДПМНЕ помогна дел од овие три предлози од Универзитетот на југоисточна Европа да бидат од ДУИ или се сеуште од ДПА, но она што го гледам во другите девет предлози е партизација и е непотизам. За жал можеби вчера кога зборувавме за непотизмот да го имавме овој предлог ќе го дадевме и тој као пример, но премногу е симптоматично имиња што се овде да се или мајка на експониран член на ВМРО ДПМНЕ, сопруга на висок фнкционер во јавната безбедност, највисок функционер во јавната безбедност, историскиот директор на МИА Љупчо Јакимовски со поодминат мандат и заслуги во ВМРО ДПМНЕ итн. итн. И нормално за претседател нема кој друг освен господинот Никола Кљусев, што ќе ги демифистицира првите две години кога ВМРО ДПМНЕ го брои на контото на СДСМ и кога веројатно на цела македонска јавност ќе и стане јасно дека во 2010 година, пред парламентарните избори СДСМ и ВМРО ДПМНЕ ќе го имаат поделено по 10 години политичкото во раководење со државата во плуралистичка Македонија.

Затоа сметам дека правиме штета или ја девалвираме наградата отоколку навистина да мислиме за сите граѓани. Но она што сега го чувме колегата Димовски не мисли и треба да постојат и награди за луѓе со десна ориентација. Тогаш дозволете политичките партии кои што и припаѓаат на социјалистичката интернационала како дел од семејството на партијата на европски социјалисти, кои што се со некоја лева ориентација да си дадат некоја своја награда и да си воспостават свој принцип во кој што ќе се делиме и по награди, по филозовијата и по размислувањата на пратеникот од ВМРО ДПМНЕ, што не мислам дека го делат сите пратеници од ВМРО ДПМНЕ тоа мислење.

Овој одбор треба да ја заокружи партизацијата и на државните награди и она што често пати го кажувавме до сега, Македонија уште еднаш ќе потврди дека заедно е една од трите земји, заедно со Белорусија, Кувајт и Кореа, која што си има како државна награда или како празник, празникот на партијата како за тоа си доделува државна награда, си формира одбор во кој доминираат членови на ВМРО-ДПМНЕ и како што кажа и мојот колега Кондарко, во таа неизвсна и тесна борба, мислам дека господинот Никола Груевски како потписник на најтајниот договор до сега во Република Македонија, има огромни шанси да биде прв што ќе ја понесе таа награда.

Социјал демократскиот сојуз кажуваше и кога се дебатираше овде во Собранието и кога се носеше законот. Кога ќе дојдеме на власт, со закон, или можеме законот да го укинеме, но ќе донесеме и закон со кој ќе се одземат наградите 23 Октомври. Дали ќе го искористиме законот за конфискација на паричните средства што ВМРО-ДПМНЕ го подготвува и заплашува функционери од поранешната власт, ќе видиме, тоа мислам уставно не е издржано, но со вакви авантуризми, со вакви популизми, ниту цената на репроматеријали што не е намалена ќе ја занемариме, ниту тутунопроизводителите ќе добијат поголема откупна цена за тутунот, ниту ќе имаме помали даноци во Република Македонија, ниту со тоа што господинот Кљусев е претседател на овој ВМРО-вски одбор за доделување на наградата 23 Октомври, ќе има повеќе инвестиции во Република Македонија. Напротив, ќе се залажуваме дека Владата прави нешто за граѓаните, а освен тајниот договор со ДУИ што го направи вчера ВМРО-ДПМНЕ, освен ваквите награди со кои ќе се китат некои луѓе за заслугите, но верувам дека најзаслужен ќе биде господинот Груевски, економската ситуација, за жал, во Република Македонија нема да се подобри. Ние ќе дебатираме овде цел ден дали точка на дневен ред не може да биде договор што го интересираат два милиони граѓани во Република Македонија, туку ќе губиме време на тоа дека мора да воспоставуваме награди за да заличуваме на Белорусија и Куба, а не да заличуваме на европските земји кон кои се стремиме и кон кои сакаме да одиме.

Да бидам до крај искрено, законот не го гласавме, сметавме дека и државна награда за празникот на ВМР-ДПМНЕ не треба да се доделува и случајно, согласно парламентарната демократија ако ни беше понудено, немаше да предложиме луѓе да бидат дел од еден ваков одбор. Но, изразувам жалење зошто не се почитувала парламентарната процедура и досегашна пракса. Ако можете да го погледнете составот на претходните членови на Одброт за доделување на наградата “Мито Хаџивасилев Јасмин”, точно ќе се препознае и ќе се види кој бил предложен од која политичка партија, за денес да имаме еден одбор кој е награда за одредени гласоговорници по медиумите на ВМРО-ДПМНЕ, да ја добијат таа можеби престижна позиција, да бидат дел од еден одбор за така висока награда како што е наградата Мито Хаџивасилев Јасмин, за достигнувањата во пишаниот збор. Затоа беше кажано, ќе повторам, пратеничката група ќе гласа против. Апелираме праксата на некомуникација и некоординација да престане затоа што е лошо тоа за демократијата во Република Македонија и се надевам дека овој ВМРО-вски тим ќе го избере оној што е најзаслужен за наградата за господинот Груевски.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Макрадули.

Во својство на предлагач се јави господинот Трајко Вељаноски. Повелете.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам потпретседателе.

Не знам зошто толку страв, па кога ќе се спомне 23 Октомври се вжештувате. Што толку имате против 23 Октомври. Зошто го кажувам тоа? Затоа што дебатиравте, дебатиравте, дебатиравте по Законот за празници, дебатиравте по Законот за државни награди што не е нова награда.

Инаку Законот за државни награди беше донесен во 2006 година, пред изборите. Вие го донесовте. Ние извршивме одредени измени и во тој Закон се внесе награда 23 Октомври. Тогаш цело време викавте и генерално велите дека не сте против денот 23 Октомври, дури дека тоа било ден односно празник на ВМРО-ДПМНЕ. А колешката пак Роза Топузова Каревска како да се срами да го изговори целосно името на партијата, па спомнува ДПМНЕ. Не и е прв пат, стално тоа го прави, дали на тој начин сака да омаловажи некого, или пак самата таа си се омаловажува, омаловажувајќи некој друг.

Сакам да укажам, до колку се стремиме кон почитување на законите, до колку се стремиме кон владеење на правото за кое нешто и делумно сме обврзани и имаме одредени забелешки од страна на меѓународните организации кои даваат свое мислење за Република Македонија, треба да знаеме дека Законот за државни награди е донесен односно измена на тој Закон и ние треба да го почитуваме. Дали вас ви се свиѓа или не ви се свиѓа, прашање е на друго, а не на тоа сега да не се формира одбор за доделување на наградата 23 Октомври. Ние сме обврзани како Парламент овде, согласно измените на Законот да формираме одбор за да може тој одбор да ја исполни својата задача и да додели награди на личности што тој смета дека треба да добијат награда.

Добро беше и доблесно беше од господинот Јани Макрадули што кажа, до колку од нивна страна се побараше во одборот за доделување на наградата 23 Октомври, да дадат свој предлог, тие нема да го дадат затоа што не ја признаваат оваа награда. Но, истовремено сакам да кажам дека праксата што вие ја кажувате, била да се даваат предлози од Министерството за култура, во однос на нивното размислување, или Министеството за образование кога е 11 Октомври, да даваат свои предлози кои личности сметаат дека треба да бидат во склоп на одборите за доделување на наградите.

Во конкретниот случај имаме предлог од Министерството за култура за составот на Одборот за доделување на наградата и за Мито Хаџивасилев Јасмин, кој претходно беше усвоен и за одборот за 23 Октомври.

Инаку мало потсетување, во Одборот за наградата Гоце Делчев,Иван Катарџиев, вашиот академик, беше член на Претседателството и вие кажувате за партизација. Потоа Томе Груевски, претходно во Одборот за наградата Мито Хаџивасилев Јасмин.

(Дофрлање од пратениците на СДСМ, од место, дека е во грешка).

Јас не грешам. Ако греши Службениот весник каде што се објавени.

Цело време се осврнувате на наградата, иако предмет на расправа овде се личностите кои се предложени.

Добро е што потпретседателот ги опомена пратениците дека треба да се држат до дневниот ред и по предлогот за личности кои треба да ја доделат наградата 23 Октомври.

Во однос на заканата што цело време доаѓа од ваша страна, и велите кога ќе дојдеме на власт ќе го укинеме Законот, кога ќе дојдеме на власт ќе ги одземеме наградите. Господа, не се доаѓа на власт со укинување, со застрашување, со рушење. На власт се доаѓа со програми во кои веруваат граѓаните. Да не навлегуваме во тоа, како што кажуваа колегите, кој вршеше национализација, па денационализација кој вршеше,па кој ја стопираше денациојализацијата. Значи на власт се доаѓа со програма. Со укинување, со заплашување, со одземање не се доаѓа на власт.

**Бесим Догани:** За реплика се јави пратеничката Роза Топузова Каревска.

**Роза Топузова Каревска:** Излегов на говорница за да го гледам господинот Вељаноски.

Да, точно, на власт не се доаѓа така како што кажавте. На власт се доаѓа, според вас, со лажни програми, лажни ветувања, а откако ќе дојдете на власт, тогаш ќе апсите и оние што се виновни и оние што не се виновни. Тогаш ќе заплашувате една цела фела на доктори, луѓе кои се грижат за здравјето на пациентите, тогаш ќе ја партизирате до крај државата, тогаш ќе ја поделите Македонија по сите основи, вклучувајќи ја и партиската основа и тогаш ќе владеете по принципот, како вие што кажавте, дали ви се свиѓа или не, ние тоа ќе го направиме. Јас ќе кажам, прво, дали ви се допаѓа, или не, почитуван колега, ако веќе сакаме да го почитуваме македонскиот јазик и со тоа барем малку да потврдиме дека сме патриоти, како што се декларираме. Значи не е работата дали ни се допаѓа или не, овде сме за да се договараме, овде сме заеднички да ги носиме одлуките. Ако така постапевте, почитуван колега, тогаш ќе ви верував дека оваа награда е на сите граѓани на Македонија кои на било каков начин придонеле да ја афирмираат оваа држава и придонеле малку да воведат благосостојба во оваа земја. Се друго се лажни декларации.

Почитуван колега, ќе завршам околу тоа. Еднаш кажав и немојте да го повторувам тоа илјадници пати. Се надевам дека овој пат ќе ме разберете. Не е точно дека имам анимозитет кон ДПМНЕ, но почитувани колеги, имам преголем респект кон

ВМРО, а вие со тајни договори кои ги носите, не заслужувате да го носите тоа име, освен ако не мислите дека сеуште делувате во илегала.

**Бесим Догани:** Три минути реплика за господинот Јани Макрадули.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе.

Вашето укажување да не зборуваме за наградата, не го почитуваше баш предлагачот, но тој како предлагач има право на тоа, можеби и повторно зборуваше за 23 Октомври.

Значи, ние ниту се плашиме, ниту може да не уплашите, нема да се уплашиме ни од некоја награда.

Кога зборуваме за 23 Октомври нашите ставови се јасни и неколку пати сме ги повторувале.

Почетокот на македонската борба, за жал, историјата не ја врзува за 23 Октомври, ја врзува за друга дата. Ако степенот на едукација од Македонската револуционерна борба беше повисок, и поискрен пристапот на пратениците од ВМРо-ДПМНЕ, тогаш ќе имавме друга дата за почетокот на Македонската револуционерна борба.

Второ, ни смета кога рекламирањето на празникот 23 Октомври, со пари кои не дознавме од каде се, со инсертер во сите печатени весници го рекламира ВМРО-ДПМНЕ и ќе го рекламира, изедначувајќи ги Тодор Александров и Гоце Делчев. Тоа за СДСМ, а не само за СДСМ туку и за многу граѓани во Република Македонија не држи, е неприфатливо и никогаш нема со тоа да се помират многу семејства кои биле жртви на политиката што ја спроведувал Тодор Александров. За нас никогаш нема да постои знак на еднаквост помеѓу Гоце Делчев и Тодор Александров. Затоа, луѓе, можеби и академици и видни професори немале ни да сакаат да членуваат во овој одбор за наградата 23 Октомври, бидејќи тие не го ценат, или во историјата во Македонија се знае каке запишан Тодор Александров.

Начинот на кој се доаѓа на власт, политичката теорија го напишала. Но програмата што ВМР-ДПМНЕ ја понуди на изборите се базираше пред се на економијата. За жал, после девет месеци можеме да кажеме овие се најлоши економски резултати, дури и полоши од Владата на Љубчо Георгиевски во првата година од мандатот.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Трајко Вељаноски.

**Трајко Вељаноски:** Господине Макрадули можеби за вас Македонската револуционерна борба почнува од 11 Октомври, но тоа си е ваше мислење, како што е наше мислење дека ден на Македонската револуционерна борба е 23 Октомври и ние сметаме и тврдиме дека е тогаш. Затоа сметаме дека треба да се одбележи таа дата и тогаш да се додели награда.

Ние, со оглед на својата идеолошка матрица што ја имаме во партијата, го воведовме тој државен празник, државна награда и не треба да се препукуваме кога е Македонската револуционерна борба. Ние сметаме и тврдиме дека 23 Октомври е ден на Македонската револуционерна борба.

Околу тоа како се доаѓа на власт, точно е кажано. Затоа јас добронамерно ви кажувам дека вие како политичка партија не треба со заплашување и укинување да ви бидат основите за доаѓање на власт.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Вељаноски.

Три минути реплика за господинот Тале Герамитчиоски.

**Тале Герамитчиоски:** Колега Вељаноски јас излегов да реплицирам само на еден ваш дел. На вашиот говор.

Ние и да предложевме кандидат, во вас нема збор. Вие неколку пати сте не изиграле. Само да ве потсетам. Застанавме зад Државниот универзитет во Тетово, како политичка партија целосно и вие ни предложивте да дадеме член во матичната комисија. Неколку пати инсистиравте да дадеме член, за на крај во Службен весник да прочитаме сосема други решенија, што ќе дискутираме и за тие решенија. Значи одите на опасна линија, на политизација и партизација на се и сешто. Тоа можеби во овој момент не е видливо за македонската јавност, но набрзо ќе стане видливо, бидејќи оние кои ги местите во овие одбори, во разни матични комисии, не можат да делуваат никако поинаку освен партиски и политички и да политизираат и партизираат по ефект на домино, цело едно општество. Тоа во еден временски период веднаш ќе се осети и ќе се сфати од јавноста. Еднаш наседнавме и никогаш повеЌе.

Да дадете предлог до нас како пратеничка група да партиципираме и потоа да не известате на суво, навистина не приличи на сериозни луѓе, на претставници на политички партии кои, условно кажано постојано во јавноста кажуваат дека има политички дијалог и политички договор за одредени прашања.

Заради тоа станав да зборувам и да реплицирам и да дадеме ние предлог ќе завршеше онака како што заврšија и други предлози. Само ги провеславме луѓето во јавноста и им дадовме насоки на вашите аналитичари кои се припаѓа на опцијата на СДСМ и зошто СДСМ ги предлагал во такви одбори, во такви комисии. А за она кое што го кажавте во поглед на составот си го земам правото, кога ќе го земам зборот да го кажам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Герамитчиоски.

За контра реплика од една минута господинот Трајко Вељаноски, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Господине Герамитчиоски кога мислевте вие на личноста, дали мислевте на личноста Трајко Вељаноски. Никогаш не се случило од мене јас да побарам од вас во политичка партија предлог и да не прифатам. Слободно дајте некој пример кога тоа се случило.

Никогаш. Затоа што, за да ве уверам ние немаме во Собрание овде, јас сум претседател на Комисијата за прашања на избори и именувања на Собранието. Немам никакви ингеренции за да ве уверам . За партизација, немојте да мислите вие секогаш кога ќе паднете од власт кога ќе бидете во опозиција и тогаш велите департизација. Департизација, затоа што вие ги партизиравте сите институции и сакате ние да бидеме на власт, а вашите партиски луѓе да раководат со тие институции.

За да поакжете дека треба департизација, прво треба вие како пример кога сте на власт да не партизирате институции да можете потоа да се повикате на тоа. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Вељаноски.

Реплика има госпоѓа Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам потпретседателе, почитувани пратеници.

Чест е во овој собраниски дом да се дискутира за Предлог одлука за именување претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “23 Октомври” и му предлага на Собранието согласно член тој и тој, за државни награди да ја донесе оваа одлука. Се ова ќе беше во ред, ако претходно имало консултации со политичките партии, со што би се искажале взаемни признанија, како по личностите предложени во Одборот така и на лицата на кои ќе се доделува оваа награда. Секоја почит за членовите на Одборот за доделување на наградата. Меѓутоа, ова е навистина невиден непотизам, да не ги истакнуваме по име и презиме предложените личности, секоја чест. Ова е нешто невидено до сега. А претседател, човек без зборови, најзаслужна личност на ниво на Република Македонија. Предлагам оваа награда е за сите граѓани на Република Македонија, а не е празник на една партија, па да избираме луѓе од патијата на ВМРО-ДПМНЕ.

Предлагам “23 Октомври” да се тргне од празниците како државен празник. За вистинското ВМРО во секое време и секоја чест, но за ДПМНЕ никогаш. Ве замолувам ова се однесува на точката. Срамота е државен празник, не работен ден, а ние да се поклонуваме. Пред кој празник? Одете и поклонете се пред стечајците за кои направивте голем грев и 4 месеци не најдовте засходно време да ги посетите . 4 месеци се во паркот, направија цела населба, а ние овде срамота е дискутираме кои луѓе да влезат во одбор да добиваат награда. Секоја чест. Вакви неважни работи ги дебатираме во оваа собраниска сала. Дајте да бидеме по сериозни да најдеме еден консензус меѓу сите и нависитна да предложиме луѓе кои заслужуваат почит. А такви на ниво на Македонија ги има многу. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Има збор госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам потпретседателе.

Денеска го имаме пред нас како предлог за именвуање на членови на Одборот за доделување наградата “23 Октомври”, што практично е доказ за тезите кои што ние цело време ги зборувавме и нашите тврдења дека ова е уште еден обид на ВМРО-ДПМНЕ во насока на тоа што беше кажано како еден од аргументите во дебатата за Законот за празници за дезидиологизација на државата од една страна, а од друга страна нејзина идеологизација по теркот на ВМРО-ДПМНЕ.

Не станува збор ниту за страв, не станува збор ниту за поинаков однос или омаловажување на “23 Октомври”. Меѓутоа, станува збор за тоа дека аргументите врз основа на кои беше рпедложен “23 Октомври” не се базира на вистината и дека обидот “23 Октомври” да се прикаже како почеток на борбата на македонскиот народ, практично не е точно. Заради тоа што на тој начин се дискредитираат и омаловажуваат и Кресненското востание и неговото значење и Разловечкото востание кои што се случиле далеку пред тоа. Факт е сега тоа што го зборува господинот Вељаноски дека и покрај големите дебати сега ВМРО-ДПМНЕ и парламентарното мнозинство имаат законска обврска да го формираат овој одбор, меѓутоа, Предлогот на личностите само оди во насока на тоа дека со овој одбор практично ќе се делат партиски одликувања на ВМРО-ДПМНЕ. Заради тоа што вие не можете да ме убедите дека од сите музички уметници, токму Ратка Димитрова е таа која што треба да биде член на одборот. Од сите балетски уметници дека токму Тања Вуисиќ Тодоровска, чиј сопруг е функционер во овој мандат треба да биде член на одборот. Од сите академци дека токму Никола Кљусев треба да биде претседател на одборот. Од сите експерти така да ги наречам, токму Љупчо Јакимовски треба да биде член на овој одбор. Токму Паскал Гилевски од сите писатели треба да биде член на овој одбор. И што е уште поважно, тоа треба да бидат лицата кои што ќе одлучуваат за највисоко признание за долгогодишни остварувања во областа на науката, културата, образованието, заштитата на државните интереси и промоција на државните приоритети и вредности и културно-историско наследство на Република Македонија.

Мислам дека уште тука недостасува, за сликата да биде потполна за награда највисоко признание за најдобри пофалби испратени до премиерот Никола Груевски. Да добиеме една комплетна слика за наградата.

Меѓутоа, морам да признам дека не сум воопшто изненадена од составот на одборот, заради тоа што ако до сега ВМРО-ДПМНЕ наместо да се фокусира кон подобрување на економската состојба, се фокусира во идеологизација на државата по теркот на ВМРО-ДПМНЕ. И ако можевме и ако можеше ВМРО-ДПМНЕ во име на таа идеологизација, покрај тоа што го смени Законот за државните празници, да го слави и

денот на бугарската армија да ги игнорира борците од НОБ на 9  Мај и наместо да се поклони пред паднатите борци и да им оддаде заслужена почит и да им се заблагодари заради тоа што денес живееме во слободна Македонија, ВМРО-ДПМНЕ повторно одите на бугарските гробишта да оддаде таму признание, тогаш, воопшто не би требало да бидеме изненадени за изборот, заради тоа што јас се сомневам дека било кој друг би можел да ја оствари целта која што ВМРО-ДПМНЕ ја има, а тоа е идеологизација, да не употребам пострашен збор во насока на се она што досега го правеше.

И покрај препораките дека би требало на власт да не се доаѓа со страв, со рушење, со сила, дозволете ВМРО-ДПМНЕ од почетокот на својот мандат почна да владее играјки на картата на страв, играјки на картата на рушење,играјки на картата на сила, играјки на картата на дискредитација на личности, играјки на картата на етикетирање на личности и покрај тоа што во судска постапка може да се докаже и понатаму дека не се виновни, меѓутоа, политиката што ВМРО-ДПМНЕ ја води прилично успешно оди во насока на тоа да се дискредитираат сите оние кои што сметаат дека може да го загрозат ВМРО-ДПМНЕ и да имаат критизерски однос кон нивното функционирање.

Во овој одбор ние не бираме титули.  Не е важно дали имаме двајца академци, двајца доктори на науки и т.н. Во овој одбор бираме личности и ние дискутираме за овие личности. И овие личности за нас се спорни, токму од овие причини кои ги зборував сега. А вие имавте шанса заради тоа што не убедувавте дека аргументите кои што ги кажувавме и скепсите кои што ги искажувавме кога дискутиравме за Законот за државните празници, вие имавте да не убдите дека тоа не е така со составот на овој одбор. Или барем со обидот да побарате од сите пратенички групи да предложат членови во овој одбор. Па на пратеничките групи да им ја оставите можноста да бираат дали ќе рпедложат кандидат или не. Во оовј случај повторно останува впечатокот дека ВМРО-ДПМНЕ упорно работи на идеологизацијата на Република Македонија по теркот на ВМРО-ДПМНЕ во насока на игнорирање и девалвирање на се она кое што во историјата го обезбедиле или го овозможиле сите оние борци кои што не биле на линија на сегашно ВМРО-ДПМНЕ и на тој начин девалвирање и искривување на македонската историја. И тоа е нешто што ВМРО-ДПМНЕ ќе го носи како товар и токму заради тоа не е заканување дека кога ќе дојдеме на власт ќе го укинеме овој закон, туку напротив, соопштуваме на време да си знаат сите оние што вели мојот колега припадници на десницата, кои што се надеваат дека ќе ја добијат оваа награда дека тоа ќе трае многу кратко. Да не сметаат дека ова ќе биде долгорочна награда и државна награда во Република Македонија, заради тоа што не се случило сега да има ваков контраверзен предлог за државен празник и ваков контраверзен предлог за славење на државен празник во Република Македонија, контраверзен предлог за одбор кој што треба да ги доделува тие награди. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеник господин Вељаноски Трајко, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Пратеничката Славица Грковска се осврна на личностите. За неа не е својствено да биде претседател на одбор за доделување на наградата академик Никола Кљусев, кој што беше прв премиер во независна Република Македонија, а својствено било и добро било што Иван Катарџиев, исто академик од нивната партија беше претседател  на одборот за доделување на наградата “Гоце Делчев”. И да не одиме на икс лица што се членови на Одборот за доделување на наградата. Таа кажа дека ние сме обврзани откако се донесени измените во овој Закон за државни награди, да го формираме овој Одбор.  И согласно задачите и обврските што ги имаме од овој закон Комисијата за прашања на изборите и именвуањата ги достави овие предлози овде пред Собранието.

Во однос на реториката заканување, заплашување, може да се забелеши дека поготово за “23 Октомври”, секој од пратениците од опозиционата СДСМ кога ќе излезе на власт да има задача и повторува, дека кога ќе дојдат на власт ќе го укинат Законот, ќе го поништат и дури имаше ќе ги запленат наградите. А тоа може да се каже дека не го направиле пр пат. Запленување на имоти и друго имало и порано и затоа сакам добронамерно да ви кажам со запленување, со заканување, со заплашување, македонскиот  народ не му дава на некој да дојде на власт. Јас го кажав тоа добронамерно, не дека треба мене да ме послушате. Во краен случај вие пак си одлучувате и си имате свој начин и стил на приближување кон гласачите.

Затоа сакам повторно да укажам, не би требало како што и до сега беше пракса определена точка на дневен ред да почне од страна на опозицијата дебатирање, дебатирање, дебатирање за да се закочи работата на Собранието. Добро е, од страна на некои опозициони пратеници што гокажаа ставот на СДСМ и се искажаа дека ќе гласаат против формирање на ваков одбор. Но со заканување,со укинување на закони, со заплашување и со блокирање на работата на Собранието не е добро за Република Македонија. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Една минута контра реплика пратеник госпоѓица Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам. Господине Вељаноски јас ги повторувам вашите зборови. Прво, додека дискутираме за оваа одлука во салата има само едвај десетина пратеници од ВМРО-ДПМНЕ. Сега јас прашувамкој ја блокира работата на Собранието. Вашите пратеници кои што одат во шопинг и седат по кафаните или ние што седиме тука и дискутираме. И уште одозгора ви смета тоа што дискутираме. Дајте да молчиме

цело време и да седиме тука и да ви правиме кворум и да ги гласаме законите и тогаш повторно ќе најдете мана.

Меѓутоа, јас не реков дека дискутирам за личностите. Јас реков дека заради тоа што вие цело време ме убедувавте во текот на расправата дека “23 Октомври”не е ваш партиски празник, како токму од сите академици го одбравте Никола Кљусев. Како од сите музички уметници ја одбравте Ратка Димитрова. Како од сите балетски уметници ја одбравте Тања Вуисиќ Тодоровска. Вие на тоа немате одговор. Немате ни аргументи.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Има збор пратеник господин Иван Ивановски, повелете.

**Иван Ивановски:** Благодарам потпретседателе, значи навистина ниту имам желба, ниту имам потреба денеска кога треба да се дадат одговори на многу побитни прашања разговараме за една ваква тема, но повторно доаѓаме на една крупна конcттација дека во изминативе 9 месеци најголемиот кочничар, најголемиот блокатор во оваа држава е токму ВМРО-ДПМНЕ и нивните коалициони партнери, кои што замислете, на 8 дена пред посетата на Буш не на Скопје, но во Тирана, на денот кога треба да се обзнани тоа што е договорено и потпишано со ДУИ, најдоа да ни предложат ни помалку ни повеќе, туку одбор за наградата “23 Октомври”.

Апсолутно имаме можност и потреба да ја кажеме вистината за овој празник, бидејќи ако се сеќавате на мала врата, да не кажам шпионски го протуркавте овој закон после неколку дена дискусија во оној момент кога еврокомесарот за проширување Оли Рен беше во Република Македонија и кога сите беа оптеретени со тоа кои пораки ќе ги добиеме, вие сакавте да расправате за ВМРО-ДПМН-овскиот празник 23 Октомври. И апсолутно колега Вељановски, бидејќи многу сакате да споменувате во репликите кој за што се заканил и рекол. Јас бев тој првиот кој што реплицирајќи на вас и на вашата партија споменав дека кога СДСМ ќе ја води Владата и Република Македонија овој закон 23 Октомври нема да биде дел од државните празници. И ќе ви кажам зошто. Бидејќи никој не ви го дава правото ексклузивно да го толкувате името и историјата на ВМРО, никој не ви дава еклузивно право вие да сте поголемите македонци од некои други. И ако сакате да ви ги редам практичните примери каде сте најмали македонци, ќе отидеме во некоја друга ситуација. Бидејќи патриотизмот не се мери на тој начин што ќе се удирате во гради дека сте ВМРО-вец, бидејќи колку што сте вие ВМРО-вец, сум и јас и сите во оваа сала и некој надвор од оваа сала. Па да ги прашате половината од вашата пратеничка група не си ја знаат историјата на Република Македонија. самите вие бевте свесни дека некои од основоположниците на ВМРО-ДПМНЕ беа против овој закон што говори дека проблемите и поделбите не ги имате со СДСМ, ги имате внатре во ВМРО-ДПМНЕ. И ќе ви кажам дека овој празник мора да се укине за да се стави точка на поделбите во македонското национално ткиво, бидејќи нема поголеми и помали македонци. Има македонци кои што работат чесно и искрено за оваа татковина и некои тоа што не го прават и само позираат пред камерите. И повторно на овој ден кога срамно со наведнати глави седите во ова Собрание наместо да дадете одговори на крупните прашања, вие се обидувате да протуркате еден одбор кој што треба да ја легитимира ВМРО-ДПМН-овската награда 23 Октомври. За да беше впечатокот комплетен требаше наместо некои од овие имиња претежно кои што се албанци да бидете можеби на десето место член Трајко Вељановски, на 11 место Влатко Ѓорчев, на 12 место Силвана Бонева и да ја завршите целата работа. И ќе ви дадам еден предлог. Бидејќи ја дефиниравте оваа награда за 4 работи: во областа на културата, науката, образованието, заштитата на државните интереси и промоција на државните приоритети итн. Јас веднаш ќе ви дадам предлог, бидејќи оваа награда, овој одбор ќе помине како и претходно без согласност на СДСМ, да ја доделите во областа на науката, на господинот Сашко Кедев за да објасни на кој начин успеа да купи џип К-7 од 95 илјади евра, со плата од 30 илјади денари. Да ја дадете во областа на културата на државниот секретар, Елизабета Камчевска која што даде вето и ја укина наградата за “Тито” во Битола.

**Иван Анастасовски:** Да се вратите на одлуката.

**Игор Ивановски:** Давам предлози.

**Иван Анастасовски:** Предлози ќе си даде Комисијата. Нема што да дава Игор Ивановски предлози. Вратете се вие на одлуката.

**Игор Ивановски:** Во делот на образованието, тука ќе завршам со уште еден предлог добронамерен како што вели колегата Вељановски на министерот за странски инвестиции Глигор Ташковиќ кој што очигледно од странските факултети научил како да си земе само провизија, а не да се донесе инвестиција. И на крај легендарниот за заштита на државните интереси и промоција на државните приоритети Зоран Тодоровски директорот на Државниот архив кој што очигледно го прогласи за македонски предавник Крсте Петко Мисирков. Сега господине Трајко Вељановски може и да не ги прифатите овие мои предлози кои што беа сериозно добронамерни, бидејќи ако имате идеа, а имате и ако сакате до крај да ја реализирате, а сакате, треба да го направите ова, треба да ги извадите сите статисти во овој Одбор и да ги додадете членовите на извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ и да ја заокружите целата работа. Бидејќи јас очекував дека ВМРО-ДПМНЕ барем малку ќе се труди да доделува пари на оние категории на граѓани на кои што им требаат. Кога за оваа награда направивте бурлеска на Комисијата за финансирање и Буџет, Министерството за финансии за само еден ден

од ставки кои што не постоеа успеа да најде пари за овие награди, а за оние стечајци надвор немате ни пари да дадете за сок да купат. Кога Министерството за финансии одлучи и беше запрашано од кои пари ќе се организираат манифестациите по повод на доделувањето на оваа награда, нас ни рекоа не се секирајте, имаме многу пари. Значи, за ова има многу пари, а за сето друго нема пари. Едноставно целиот простор го ставате во една неблагодарна ситуација да биде од провиниенцијата на ВМРО-ДПМНЕ. Јас навистина имам високо мислење за господинот Никола Кљусев кој што беше порано професор на Економскиот факултет. Ама Никола Кљусев ставаајќи го на овој начин му давате извршна наредба, обврска да ги спроведе обврските на извршниот комитет на ВМРО-ДПМНЕ. Не, на граѓаните на Република Македонија или ако сакате да ги разгледуваме сите останати понатаму. Јас навистина имам проблем со идеолошкиот профил и историски убедувања на господинот Љупчо Јакимовски кој што заедно со една поширока екипа организираше панихиди на луѓе кои што работеа директно против интересите на ВМРО. И едноставно ако сакате да говорите за прогоните па погледнете ја статистиката во историјата. Во историјата погледнете дека најголемите жртви на ВМРО дојдоа од ВМРО. Дојдоа од ВМРО, дојдоа од некои други ВМРО организации кои што си ги убиваа своите пријатели заради политички цели. Тогаш кога тоа ќе го констатирате ќе кажете дека сте доблесни, дека ВМРО не е ваше ВМРО-ДПМНЕ, затоа што ВМРО припаѓа на оваа држава исто како што подеднакво колку што припаѓаат и на сите граѓани. Затоа никој не ви дава право, ниту легитимитет со 300 и ситно илјади гласови да наметнувате партиска награда, да ставате партиски и иврршни лица во одборот и да ги трошите парите на граѓаните за тие награди. На крајот на краиштата, не гледам каде е тука економијата, каде е тука преродбата, каде се тука стоте чекори. На крајот на краиштата, знам една работа. Денеска можеби ова ви беше желбата и да разговарате и да го сокриете она кое што го договаравте со ДУИ, во изминативе денови, она кое што самите ви е срам да го проговорите, дали не знаете, или не сакате да се усогласите. Она кое што вашиот премиер денеска изјавува дека не постои, а постои за сите, освен за ВМРО-ДПМНЕ. Ако ова е дел од програмата во 100 чекори, ако денеска инсталиравме дека тајните договори стануваат договори помеѓу две партии и стануваат обврска на ова Собрание. Тогаш од преродбата на ВМРО-ДПМНЕ и на 100 чекори нема да се реализира ниту еден чекор. Ова кое што вие денеска го правите со овој состав на одборот во кој што има сериозни стручњаци во својата област е потврда дека на најбезобразен начин ја реализирате целта буквално на партизација на секоја институција. Ја реализирате целта да сите работи ги добијат не префиксот ВМРО, бидејќи не ви припаѓа, туку суфиксот ДПМНЕ за кој што ако сакате да разговарате е срамно што стои еден дел македонско национално единство, бидејќи со ова вие го растурате и го рушите македонското национално еднинство.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Весна Јаневска, повелете.

**Весна Јаневска:** Особено ми претставува големо задоволство што поимот патриотизам, државотворност се сведува на името ВМРО. Господинот Игор Ивановски денес јасно од говорницата изјави дека е повеќе ВМРО-вец од ВМРО-вците. Се надевам дека тоа ќе остане запишано во аналите и дека утре, задутре ќе ве прозиваме на таа тема. Значи, се што е патриотизам, државотворност, борба за слобода на Македонија е ВМРО. Во тој контекст немам ништо против да ги коментирате личностите ако успеете да го зачувате достоинството кога ги спомнувате. Но, докажавте дека празникот 23-ти е токму таков каков што треба да биде на сите македонци, на сите патриоти, на сите кои се државотворни, на сите кои што и сакаат слобода и иднина на оваа земја. Еднаш зборував кога станувашe збор за празниците, за контраверзите на историјата, за тоа кој, како ги сфаќа настаните, постоењето и работата на ВМРО и длабоко сум навредена од вашето спомнување на директорот на МИА за кое воопшто немавте причина, човек кој се докажал како патриот во оваа земја. Не гледам причина зошто ги именувавте луѓето, наместо навистина да се задржите на она што е суштинско, да побарате малку поголемо пристуство на повеќе академици, на повеќе други професори од различни области што за мене би било сосема сватливо. Ако на овие луѓе кои се овде наведени им ја признавате стручноста, не знам зошто воопшто коментирате. Но, можете и да не им ја признавате. Не сметам дека во една ваква дискусија кога на Македонија и требаат и признанија на луѓето и празници, треба да ги спомнувате патриотизмот, стечајците кои впрочем се ваш продукт и на повеќе други влади, значи воглавно на владите на СДСМ. Сметам дека вашето обвинување во контекст на празникот 23 во овој момент е само израз на немоќ.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Благодарам потпретседателе.

Неколку факти. За оние стечајци кои што се во моментот веќе 4-ти месец во “Жена парк” најодговорни се двајца: Љубчо Георгиевски и Никола Груевски. Факт број 2, во денешно време патриотизмот не се мери со тоа што ќе го земете како знамето на ВМРО-ДПМНЕ и ќе тврдите дека сте ВМРО. Патриотизмот во денешно време се мери за тоа дали на своите граѓани ќе им овозможите квалитетен и богат живот. Јас не гледам ниту една ситуација како овој одбор од 12 луѓе и како оваа награда од 23 луѓе што веројатно ќе се додели на еден од оние 4-цата кои што ги споменав, дали тоа ќе биде Кедев, дали Зоран Тодоровски, ќе им помогне и ќе им го подобри животот на граѓаните на Република

Македонија. А за патриотизмот на ВМРО-ДПМНЕ во денешниот ден најдобро говорат самите пратеници кои што одбија да кажат што тоа договориле со ДУИ.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика пратеникот Трајко Вељановски.

**Трајко Вељановски:** Господине Игор Ивановски, и пред малку кажав, значи 23 Октомври кога ќе се спомне се вжештувате, а вие најповеќе. Зошто? Не знам зошто потреба од таков антагонизам спрема 23 Октомври? ВМРО-ДПМНЕ има свој празник 17 јуни 1990 кога што е и основана и тогаш и вие како политичка партија и сите дурги политички партии добиваат покана за прославата, како што вие не каните на вашите годишнини. Инаку, гледам дека цело време не сте против ВМРО. А имате против, поготово Роза Топузова Каревска цело време не сака да го изговори комплетно нашето име, го спомнува само ДПМНЕ. На пример еве како предлог што не значи дека ќе го прифатите, можете вие да бидете ВМРО-СДСМ, или ВМРО-ЛДП. Не ви пречи, можете да се регистрирате во судот ќе ја прими таа регистрација, затоа што никој не ви го спори тоа право, како што нас никој не ни го спореше да го земеме почетниот ВМРО и да го додадеме ДПМНЕ. Да протурка? Не, господине Ивановски, ние не протуркуваме, ние почитуваме закон, ние сме обврзани со законот да го формираме овој одбор, затоа што како што е кажано и во образложението треба што побрзо да се формира овој одбор за да се изберат соодветни личности кои ќе ја добијат таа награда. А не како што вие ги кажувавте тие некои личности што треба да добијат, а не ги спомнувате Борче Петревски, Иснифарис Џемаили, за Бачило на пример, за синоном Бачило, Иснифарис Џемаили кој што вие го создадовте. Тој сининим Иснифарис Џемаили или Бачило вие го создадовте. На пример, за корупција, за криминал Иснифарис Џемаили, Бачило. За стечајците, дали вие буквално имате право како СДСМ кога се направи приватизацијата во Република Македонија, кога тие луѓе буквално со таа приватизација ги избркавте, ги ставивте под стечај, не им дадовте никакви надоместоци, за тоа 90% од приватизацијата вие ја направивте. И олигарсите вие ги створивте, а олигарсите ги создадоа стечајците. И вие сега загрижени? Па дури правите прослава пред стечајците, правевте годишнина пред стечајците. Имајте малку морал, малку свој образ и не би требало барем вие да кажувате за стечајците.

**Иван Анастасовски:** Една минута контра реплика пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Јас гледам дека после еден настап на нивниот претседател Груевски сите нешто сакаат да го емитираат и мислам дека и вие Вељановски ќе најдете место во саемот на лагите кој што веројатно ќе си го направите заради самите себеси.

Господинот Трајко Вељановски никој нема проблем со датумот 23 Октомври. Еве, и мој колега вели дека има и други настани на тој датум. Ама господине Вељановски вас не ве прави апсолутно поголем македонец и патриот тоа што наводно си донесовте со ваши единствено ДПМН-овски гласови закон и сега реализирате по него. ВМРО-ДПМНЕ беше таа партија која што организираше газење на македонското знаме, плукање и свирење на прославата на 2 Август, или Илинден кога Македонија во тој момент ја имаше првата Република, Крушевската република на Балканот. Е па, по тоа се мери кој, колку е патриот господине Вељановски, а не кој колку си дели пари на граѓаните за партиски цели.

**Иван Анастасовски:** Три минути реплика господинот Илија Димовски.

**Илија Димовски:** Веројатно ова со емитирањето е погрешна насока. Требаше огледало да има колетата Игор Ивановски па да го препознае ликот на Бранко Црвенковски во огледалото. Меѓутоа, тоа останува граѓаните да судат, стрипови, еднооки итн. Ќе се вратам на темата.

Нема да бидам безобразен, ќе го преземам ризикот за вашата безобзирност, ќе се вратам на темата.

Како предлог за членови во одборот од 12 луѓе се предложени, 2 академици, 6 доктори на науки и двајца познати и звучни писатели. Авторитетот на луѓето е докажан и тука не смеете и би бил огромен безобразлук да го спорите тоа. Втора работа ВМРО е формирана на 23 октомври, ВМРО-ДПМНЕ е формирана на 17 јуни. Ние имаме идеолошки концепт базиран врз основните постулати на ВМРО. А вие формално-правно сте наследници на комунистичката партија на Југославија формирана 19-та година во Белград. Формално-правно сте наследници на таа партија. Трето, јас би предложил друг концепт за доделување на наградата. За култура би го предложил Страхил Гигов, поради тоа што знаеше како да постапи со Кочо Рацин. За политички систем би го предложил Лазр Колишевски поради тоа што многу успешно во 46-тата година направи пуч на Президиумот на АСНОМ. И една низа од луѓе како Владимир Полежина, како Петре Пирузе ги тргна од политичката сцена во Македонија. И на крај за државен систем би го предложил Светозар Вуќмановиќ Темпо, човек кој што државнички постапи спрема Југославија и ги заборави интересите на Македонија. На тие луѓе вие сте наследници.

**Иван Анастасовски:** Една минута контре реплика пратеникот Игор Ивановски.

**Игор Ивановски:** Каква омраза, каков гнев кај млад човек што треба наводно да ја гради иднината. Мене ми е многу жал што кога ги правите тие политички академии на кои што ги терате вашите идни кадри да бидат партизирани не учите малку историја и тоа веројатно е њу веив на ВМРО ДПМНЕ, каде што очигледно нема

вредност, нема ништо супстанца, има само интерес.

Господине Димовски, сите овие луѓе кои што ги наброивте јас мислам дека веројатно не сте ни прочитале за нив во историските читанки. Јас немам намера некои луѓе кои во свое време направиле нешто за оваа држава да ги коментирам, но јас ви предложив четири имиња кои во моментов се во Република Македонија и на кои треба да ја дадете наградата. За сите останати во периодот до 1990 година господине Димовски, дале придонес вие да стекнете образование, да бидете тоа што сте денес и ако сте вакви какви што сте денес, тогаш навистина згрешиле.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Три минути реплика за пратеник господин Владимир Ѓорчев, повелете.

**Владимир Ѓорчев:** Благодарам.

Почитуван потпретседател, почитувани колеги, оваа жестока дискусија од страна на пратениците на СДСМ говори за една работа која што мислам дека е загрижувачка, која што не е добра за Македонија, која што не е добра за вкупниот амбиент во Македонија, а тоа е тотално отсуство на политичка понуда кај опозицијата во Република Македонија. Немаме никаква конкретна политичка агенда, туку напротив концентрација на анимозитет, на антагонизми и едноставно повикување на македонските делби кои што сме ги гледале во минатото. Немањето политичка понуда значи да се нема одговорено на клучните прашања со кои се соочува македонската денешница, кој законски проект во последниве месеци господине Ивановски, вие како СДСМ сте го подготвиле, сте го предложиле и да дискутираме за него. Сте подготвиле ли некои табели, статистики, издржани предлози, проекции и слично. Не ли СДСМ беше партијата која што велеше дека има 300 интелектуалци, 300 експерти и тн. Едноставно, тоа е политичка структура која што атрофира, политичка структура која што имаше своја политичка еутаназија, но сигурен сум дека ќе ја добиете својата шанса. Кога вие господине Ивановски ќе ја добиете својата шанса? Секако откако Радмила Шеќеринска ќе ги загуби наредните избори, веројатно по налог на Бранко Црвенковски вие ќе бидете лидер на СДСМ. Но, и тогаш вас убедливо ќе ве победиме, и тогаш ќе немате политичка понуда, затоа што вака жестоко и горешто да дискутирате на вакви теми едноставно говори дека немате буквално никаква политичка понуда. Е, тогаш господ да ни е на помош кога во Македонија Игор Ивановски ќе биде лидер на опозицијата.

За господинот Кљусев не можам ништо друго да кажам, освен дека тоа е првиот премиер на независна Македонија, човекот кој што ја градеше македонската државност и кој што се залагаше активно за македонската државност во време кога многумина беа во мислечките раскрсници за македонската држава. Едноставно лутаа како гуски во магла, Македонија ја сведоа на набљудувач на настаните, македонската државност ја кажаа од немај каде, но ја имавме храброста на еден Никола Кљусев, Блаже Ристовски, Јордан Мијалков, Мартин Треневски и другите луѓе од Првата македонска Влада кои што ја направија македонската државност.

За тајни договори немојте да зборувате, затоа што вашиот претседател Бучковски, вашиот премиер Бучковски кажа дака со години и години вашата политичка партија лажела за некакви тајни договори.

И на крајот би ве замолил, немојте повторно да се осмелите да направите војна во Република Македонија само да дојдете на власт.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Една минута контра реплика за пратеник господин Игор Ивановски, повелете.

**Игор Ивановски:** Јас не знам што ќе биде за пет, шест години ама знам дека денес на оваа дата со оваа екипа господ нека ни е на помош.

За тоа кој направи војна во оваа држава говорат фактите и јас знам една работа, кој ја спаси работата, а тоа сме ние господине Влатко Ѓорчев. И ако веќе сакате да ви кажеме што е направено во изминатиот период, ќе ве потсетам за оние дебели податоци во кои СДСМ спомена дека за шест месеци има нови 50 илјади невработени во Македонија, каде што индустриското производство наместо да расте опаѓа, каде што од странски инвестиции имаме 100 илјади евра или долари провизија на Глигор Ташковиќ и ексклузивни патувања и на крајот, како врв имаме екстремно таен политички договор во кој ВМРО ДПМНЕ, водечката партија во Република Македонија е брутално победена и поразена наспроти сите оние наводни квазипатриотски ставови кои што ги застапуваше. Сега се гледа, ако не работите со памет, што може да ви се случи.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Продолжуваме со расправа.

Има збор пратеник госпоѓа Весна Бендевска, повелете.

**Весна Бендевска:** Благодарам потпретседателе.

За жал, се почесто и почесто сериозно чувствувам срам што сум дел од овој состав во законодавниот дом на Република Македонија.

Колеги пратеници, иако се почесто се смеете, ѓаволот ја однел шегата во Република Македонија. Потврда за тоа е денешнот ден. Вие не бевте насмеани почитувани колеги кога дебатиравме околу изгледот на дневниот ред. Вам не ви беше смешно и немавте контра аргумент зошто денес, иако седум политички релевантни парламентарни субјекти инсистираа да говориме околу документот потпишан меѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ. Некој си игра играчки со иднината на Република Македонија.

А вие почитувани колеги, денес го срочивте следниот дневен ред. Иако почитуван господине

потпретседател вообичаено е првите точки на дневен ред да ги разгледуваме и да бидат законите за ратификации, вие во отсуство на опозицијата го донесовте и навистина сакам да го споделам со македонската јавност, следниот дневен ред:

2.Предлог на одлука за разрешување и именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “Мито Хаџи Василев Јасмин”;

3.Предлог на одлука за именување на претседател и членови на Одборот за доделување на наградата “23 Октомври”;

4.Предлог за именување член на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Почитувани колеги, сега ќе говорам само со аргументи и факти, а фактите говорат дека токму денешната точка - утврдување Предлог одлука за именување членови на Одборот за наградата “23 Октомври” е врвот на политиканизмот што го протежирате како свој начин на практицирање на власт еве веќе девет месеци. Иако на 5 јули граѓаните ви ја доверија власта заради тоа што ветувавте економски бум, единствено во што бевте добри е комплетна партизација на македонското општство. И тоа најреално покажано, на 6-та седница на Владата, да потсетам, вие не говоревте, Владата не говореше околу донесување на закони од економска и финансиска сфера, напротив, тогаш Владата донесе одлука да се востанови државен партиски празник 23 Октомври. Зошто, повторно ќе ве прашам, немавте доблест да понудите државен празник 23 Октомври наречен Денот на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација. Напротив, во обид да ја сокриете својата намера, тој ден потполно неправилно го нарековте денот на Македонската револуционерна борба. Јас ќе ви цитирам реакции официјални од страна на Македонскиот национален институт за историја, како и од МАНУ. . .

Јас ќе ве молам, господине потпретседателе да го оставите предлагачот на мира.

**Иван Анастасовски:** Продолжете вие.

**Весна Бендевска:** Значи господа, 23 Октомври е Ден на ВМРО, а не ден на ВМРО ДПМНЕ. Доколку сакавте навистина да го одбележиме како државен празник со сите почести Денот на Македонската револуционерна борба, Македонскиот национален институт дека е многу подобро тој ден да се празнува на 20 мај кога во 1876 година за прв пат се случи Македонците обединето да настапат револуционерно во корист на сопствената кауза. Тогаш е подигнато Разловечкото востание. Вие немате право да ги менувате историските факти, заради тоа што за ова говори Македонскиот национален институт за историја.

Ете, токму тука ја гледаме вашата несериозност, односно сериозни сте само во обидот да си донесете и си донесовте партиски државен празник. Тоа значи дека со државни пари вие ќе си го празнувате вашиот празник. Е тоа господа го правите токму на денот кога Македонската јавност се тресе што не чека и кои се одредбите на тајниот договор меѓу ВМРО ДПМНЕ и ДУИ. Вие кои ветувавте економски бум, економските закони ги ставивте секако маркирани со знамето на ЕУ, како 10, 11, 12, 13, 14 и 15-та точка на дневен ред. Тоа говори за вашиот сериозен обид да партизирате не само државни установи, тоа го сторивте експресно во првите месеци од вашето владение. Направивте класичен партиски упад во спортот,во фудбалската федерација на Македонија, за што се срамиме деновиве пред европската не само спортска туку комплетна јавност. Вие комплетно ја партизиравте културата онаму каде што не смеевте да чепнете, па и за прв пат падна првиот минситер на Владата на господинот Груевски. Вие апсолутно го прекршивте Уставот кога ја нарушивте уставната претпоставка дека политиката е забранета на високошколските установи. Уставот ја гарантира автономијата на универзитетите и тоа веќе го немаме. Сега фали со парите на македонските граѓани многу несериозно преку еден инсертер кој го вметнавте како додаток на дневните печатени медиуми и каде што со потпис на вашата политичка партија рамо до рамо ги ставивте големите македонски револуционерни дејци како што се Гоце Делчев, Дамјан Груев и останатите, до Тодор Александров, Протуѓеров и Ванчо Михајлов. Тоа го знае македонската јавност. Знаете зошто сме загрижени? Па господинот Трајко Вељаноски, бидејќи ви е задолжен за вака генијални идеи пред ова Собрание да носи, за брзо време да ја предложи наградата Мара Бунева или наградата Ванчо Михајлов. И не мојте вие да говорите колеги од ВМРО ДПМНЕ дека поседувате исклучиво право да бидете и да се чувствувате како наследници на револуционерното ВМРО, а така се чувствувате кога ги броите вашите конгреси. Вие ги земате сите одржани конгреси на револуционерното ВМРО како ваши. Инаку, ако сте формирани 1990 година, имате одржано 4, 5 или 6 конгреси во независна Македонија.

Ете, затоа токму вие господа плукате врз четирите сериозно свети букви ВМРО. Бидејќи ако сакавте да го славиме тој ден, зошто не се обидовте да го наречете празникот 23 Октомври онака како што доликува, ден на Внатрешната Македонска Револуционерна Организација. Знам дека немате аргументи против ова, знам дека вашите аргументи не држат восда, бидејќи експертската јавност ве демантира. Но, вие ќе продолжите и понатаму со вашето практицирање на страховлада. Бидете сигурни дека многу брзо ќе мора да одговорите, она што е клучно во овој момент во Република Македонија: каде оди Република Македонија предводена од Влада на чие чело стои господинот Никола Груевски. Денес никој во Македонија не знае дали опстојува владината коалиција, чија Влада ја изгласавме на 26 август, со оглед на тоа што координаторот од главниот коалиционен партнер,

ДПА, бараше точка на дневен ред да се стави разгледување на тајниот договор меѓу Груевски и господинот Али Ахмети. Дали господинот Жерновски го постави прашањето, на која ќе ора да дадете одговор и да го одмолчите, резултатите ќе бидат видливи, што содржи договорот. Или го има ли мандатот господинот Груевски да си игра со македонските национални интереси. Тогаш нема да ви биде смешно господа, она што ние сериозно се обидуваме овде да го презентираме пред македонската јавност, дека некој денес наместо да говори за сериозната политичка криза во која се наоѓаме и која драстично не оддалечува од нашиот пат кон Европа, денес ние расправаме околу Одборот за доделување на партиската државна награда “23 Октомври”, но не како ден на ВМРО, туку како ден на Македонската Револуционерна Борба. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Пред да продолжиме со расправата, бидејќи во моментот стигнаа амандмани од пратеникот Никола Поповски, објавувам пауза од 15 минути за да бидат поделени амандманите.

(Паузата започна во 17,07 часот)

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,35 часот).

**Иван Анастасовски:** Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Ги молам пратениците да влезат во салата бидејќи ќе продолжиме.

Продолжуваме почитувани колеги.

Во меѓувреме пратеникот Никола Поповски поднесе амандмани во И. под б) за менување на точка 1, И. под б) за менување на точка 7 и И. под б) за менување на точка 12, по кои предлагачот не се произнел.

Отворам претрес по амандманот под И. под б) за менување на точка 3, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

(Пратеникот Никола Поповски бара збор)

Предлагачот мора да се изјасни за амандманот.

(Пратеникот Никола Поповски објаснува поради што бара збор).

Тогаш во тој случај има збор предлагачот на амандманот, пратеникот господин Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам потпретседателе.

Сакам да известам дека амандманите И и ИИ кои се поднесени на предлогот ги повлекувам, а го оставам само амандманот ИИИ .

Амандманите И и ИИ ги повлекувам и дури сега се соочувам дури и јас со апсурдноста на ваквата работа на Собранието, затоа што било кој од нас практично, со ставање на итна седница, односно ставање итна точка на овој дневен ред е оневозможен да предлага амандмани, бидејќи се работи за состав на одбор. Сега, ставете се во ситуација на пратенички групи или пратеници кои се овластени, согласно Деловникот и Уставот да можат да предлагаат измени, дека тоа треба да го направат во итна процедура. Се работи за консултации. Еве, сега дознав дека пратеник не можело, затоа го повлекувам амандманот број 2 бидејќи пратеник не можел.

Тоа значи дека пратениците не се во рамноправна ситуација и состојба со Комисијата за избори и именувања, затоа што таа си водела процедура во која, иако не верувам во добрата процедура на оваа Комисија, во која дошла до решенија, а сега ние не можеме да предлагаме и свои, а за што имаме уставно право, затоа што ни е потребна консултација со личности. А, кога немате можности, се е по итна постапка, вие сте оневозможен да си ја вршите функцијата пратеник. Затоа првиот и вториот амандман ги повлекувам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Минуваме на амандманот ИИИ.

Отворам претрес по амандманот во И. под б) за менување на точка 12, поднесен од пратеникот Никола Поповски.

Го молам предлагачот да се произнесе.

Има збор пратеник господин Вељаноски Трајко, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Се прифаќа.

**Иван Анастасовски:** Амадманот се прифаќа и тој станува составен дел на Предлогот на одлуката.

Се враќаме на претресот по текстот на Предлогот на одлуката.

Според редоследот на пријавените, има збор господин пратеник Герамитчиоски Тале, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Се јавив принципиелно да дискутирам по однос на оваа процедура што денеска малку ја подигна температурата во оваа сала. Излегувавме од колосек во дискусиите, се предизвика непотребна нервоза. Но, се надевам, дека сите извлековме поука од една ваква процедура што во минатото многу често ни се случуваше, а и во иднина ќе ни се случува, бидејќи во едно плуралистичко општество е природно да постои политички поларитет. Леви и десни опции, во кои што некои од колегите од позицијата кажуваа дека е природно да се реализира десничарската опција што ја застапува владеачкото мнозинство, но истовремено на сите ѕвона ѕвониме веќе неколку месеци дека сме за политики дијалог и за одредени теми на политичката сцена треба да дискутираме и да донесеме одредени, по можност, консензус за одредени прашања.

Сега, јас, овде го поставувам прашањето, ја знаете ли вие тенката линија и дали таа постои или е повлечена? И, мојата дискусија најмногу е посветена на претседателот на Комисијата за избори и именувања, бидејќи и во минатото и во иднина тој ќе биде одговорен, барем за делот на Собранието кое што врши предлог на избори за

именување по одредени функции, дали ќе постои политички сенс да се прави договор по одредени прашања?

Конкретно за ова прашање, знаевте дека 23 Октомври е чувствителен датум за што се водеше голема дебата. Ако сакавте искрено, сите, дали од лева или од десна опција, да го почувствуваат како свој датум, зошто понатаму внимателно не повлековте одредени чекори при составување на Комисијата. Барем, ако ништо друго, да направевте една проценка, да влезеа еминентни историчари.

Моето принципиелно прашање е зошто ги избегнавте, почитуван колега, Институтот за национална историја, зошто го избегнавте во составување на Комисијата и зошто од МАНУ, еминентни академици, кои се занимавале подолг временски период со историското минато и наследство на македонскиот народ ги избегнувате, ако ништо друго, да се избегне онаа темна дамка што почитуваниот колега Ѓорчев ја кажа од оваа говорница за одредени личности, Катарџиев и сите други историчари фрлаа...

(Реакција од место)

Се извинувам, другиот колега.

Значи, се фрла темна дамка на академици кои работеле цел живот на таа проблематика. Дали со тоа сакате да отворите една друга дебата и да се вратиме повторно назад?

Пандурината кутија не ја отворивме ние. Не е само во овој собраниски дом, туку таа ќе постои и ќе тлее во општеството на повторна поларност. Јас мислам дека изгубивме одлична шанса сега да направиме еден консензус при составување на Комисијата. Сите да почувствуваме дека навистина, таа награда ќе биде заедничка за сите и ќе имаат пристап сите донеа. А вака, вака само го засиливте чувството кај нас дека навистина станува збор за партиска награда и за продолжена и заострена политизација и во овој процес.

И уште, сосема за крај, навистина ми пречи и првиот пат се јавив за збор само за таа работа, значи, околу процедурата, знам дека станува збор за итност, за избор на членови на Одбор, на комисија или не знам што? Но перманентно ни се случува сите предлози, дали во форма на закони или информации, на седници, од страна на партии односно од страна на пратеници од опозициониот блок да се ставаат маргинално, на последно место. Седниците се прекинуваат и ние, можеби, за Информацијата за тутунот што пред три месеци беше доставена и ставена како последна точка на една од тие седници, можеби ќе дојде во 2009 година да дискутираме. Или, Информацијата за Универзитетот “Климент Охридски” што ја ставивте последна точка, верувам дека ќе дојде онаму, 2010 година, при крајот на мандатот.

Забелешката е принципиелна. Јас ве молам, кога не обвинувате за амбиент овде во Парламентот, нарушување на амбиентот, несериозност, се согласувам во некои моменти, ситуации дека стануваме несериозни. Но, треба сите заедн да придонесеме за тој амбиент. И, кога ги предлагате тие работи, не може перфидно и задкулисно да знаете дека тоа нема да дојде за дискусија на дневен ред, турни го настрана и стави го под тепих и сме ги задоволиле.

Тоа беше мојата принципиелна забелешка. Јас мислам дека треба добронамерно да ја сфатите за во иднина да не се случуваат вакви работи.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Три минути реплика за пратеникот Вељаноски Трајко, повелете.

**Трајко Вељаноски:** Во однос на укажувањата од господинот Тале Герамитчиоски, сакам да укажам дека и тоа се докажа сега, со амандманите, дека онаму каде имаме можности, каде имаме предлози од пратеничката група на СДСМ и конкретно сега од пратеникот Никола Поповски, ние ги прифаќаме тие предлози. Но и тие самите кажаа дека не сакаат да учествуваат во овој Одбор за доделување на наградата. Затоа немаме можност нешто да прифатиме како нивен предлог.

Конкретно, добро е што овој амандман се прифати. Ако имаат конкретно нивен предлог за учество во овој Одбор, тој им е на располагање да го прифатиме. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Ви благодарам.

Процедурално три минути пратеник госпоѓа Топузова Каревска Роза, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Со ова што сега го искажа почитуваниот колега Трајко Вељаноски, работите добија малку поинаков тек. Сега, јас очекував, да бидам искрена, тој да се надмине самиот себе си и после една ваква дебата што ја предизвика неговиот предлог, самиот да го повлече овој предлог што го даде за Одборот за доделување на награди. Да седнеме заеднички, со еден консензус, секако дека ние немаше да претендираме на не знам колку личности да беа внесени во овој Одбор, сигурно да се разумни предлози, да се надмине целокупната оваа ситуација, затоа што навистина, во последно време, а тоа го покажа и оваа дебата, се бави со минатото во Република Македонија, наместо да зборуваме за сегашноста и за иднината.

Ако почитуваниот колега го направеше тоа немаше да се отворат сите овие, многу чувствителни прашања за кои што денеска зборувавме и дури да се отвори и прашањето за некои историски факти, да се дебатира за нешто дали било така или е шпекулација. Но и сега не е доцна.

Затоа се јавив за процедурална забелешка, не е доцна, може колегата Трајко Вељаноски да го повлече својот предлог, или да се остави можност пратениците амандмански да интервенираат. А, најдобро би било да се договориме, да не одиме вака.

Со тоа ќе се докаже дека навистина не се работи за партизација и на државниот празник и за наградата дека и однапред нема да ги жигосаме луѓето кои утре - друг ден ќе бидат добитници на ова високо признание.

Вака, се остава сомнеж дека Одбор, составен од членови на владеачката партија, владеачките партии, особено на ВМРО-ДПМНЕ, ќе ја доделат наградата на нивни членови или симпатизери, кои, не велам дека можеби и не допринеле, можеби навистина имаат за што да бидат наградени, но велам, во спротивно, остава сомнеж.

Уште еднаш му се обраќгам на колегата Тарјко Вељаноски дека е можеби најдобнро во овој момент да го повлече својот предлог. Потоа, со еден договор помеѓу сите политички партии што партиципираат во Собранието на Република Македонија, да разговараме за поинаков состав на Одборот за доделување на наградата 23 Октомври. Благодарам.

**Иван Анастасовски** Ви благодарам.

Има збор пратеник Поповски Никола, повелете.

**Никола Поповски:** Благодарам господин Анастасовски.

Јас, за разлика од предлагачот, не очекував дека оваа точка ќе помине лесно и се чудам на неговото чудење зошто точката предизвикува волку внимание.

Точката логично дека во македонското општество ќе предизвика поголемо внимание, па дури и јас очекував во Парламентот за оваа точка и поголема расправа од оваа што е попладнево.

Нас ни се нуди одлука за именување на претседател и членови на одбор за ново воспоставената награда “23 Октомври”, која исто така беше тукушто инаугурирана со експресно менување на Законот за државни награди, со кој се установи дека има одбор во чиј состав се претседател и 12 членови по Законот.

Сега доаѓа одлуката со која ние треба како Собрание да именуваме согласно Законот одбор од 13 членови.

Оваа награда, постои предлагач, без разлика како вие сега ќе ја квалификувате има сериозна арома на воспоставување на партиска награда под државен плашт во Република Македонија. Ако имавме дилеми до сега во врска со вашето образложение кога се носеше Законот за државни награди, врз основа на чии амандмански измени сега се предлага одборот дека намерите на предлагачот, вие бевте мислам по игра на случајот исто така предлагач на овој закон, се такви какви што тогаш ги соопштувавте.

Јас лично очекував да видам и одбор кој ќе може да оцени на така ваша замислена награда како ќе ги вреднува луѓето кои ќе конкурираат, меѓутоа добивме одбор во кој македонското општество е застапено со 13:0 на страната на оние кои политички ја подржуваат Владата. Ова е политичка награда, затоа што државната награда е политичка награда. Таа не е хуманитарна, таа не е невладина, таа не е научна, тие ги делат универзитетите, ова е политичка награда, секое општество политички вреднува нечии достигнувања и како државни награди ги доделува. СДСМ од практични причини се огради од таа награда да се востанови и вие сега го користите аргументот дека ако не сте предложени од СДСМ тогаш вие имате право на 13:0. Јас мислам дека немате, затоа што ако е интенцијата да не востановувате партиска награда тогаш вие можете да изберете независни кандидати во македонското општество и да ги консултирате и тука да видиме покрај презимиња на 13 членови на партиите на власт, па да речеме соодносот да биде 1,5:1, како што е соодносот во Парламентот. Еве да ги исклучимеовие тројца, кои се од албанската заедница, вие кажавте дека СДСМ не сакал да предложи, тогаш во останатите 10 соодносот во општеството е 1,5:1, не е 10:0. Меѓутоа таа одредба, таа волја кај вас, кај предлагачот, вие сте формално, инаку јас мислам дека пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ стои зад тоа не е олицвотворена. Сега можеме врз основа на оваа одлука, со овој персонален состав да размислуваме наназад и да размислуваме нанапред од оваа точка каде што се наоѓаме. Оваа одлука со 10 луѓе кои што се на страната на владеачките партии во Република Македонија произлегува од Закон кој се востанови со цел еден датум од македонската историја, кој безразлика на вашето оградување си го зела, си го толкува како свој, неправедно, меѓутоа вие си имате конгреси на партијата на кои кажувате дека, ова ви е незнам кој конгрес, 13-ти или 15-ти сеедно, во кој си земате дека автоматски првиот конгрес ви бил на 23 Октомври. Денешниот 15-ти конгрес на ВМРО-ДПМНЕ подразбира, по текстот на бројот 15 е дека бројот 1 не би бил во 1990/91, туку ви бил во 1893 година на 23 Октомври. Тоа сериозно има мирис на сериозен обид да го партизирате општеството во идеолошка насока исклучиво на тоа што вие мислите дека треба да биде идеолошкиот декраун на Република Македонија.

Да потсетам само дека не е ова само единствениот камен меѓниг што го воспоставивте со доаѓањето на власт, туку отидовте и чекор понатаму, го прогласивте и за државен празник, така што сега имаме тој датум кој го врзувате за себе, кој си го присвојувате, за кој пратеникот Ивановски и покрај неговата емотивна дебата беше во право, не ви припаѓа само на вас, си го врзавте и ги ставивте сите други во ситуација да ги убедувате дека е само ваш. Значи го ограничивте, го оградивте со државен празник, неработен за сите, го оградувате со државна награда, го оградувате со состав на одборот кој е само со членови на ВМРО-ДПМНЕ и тоа е деграундот. Денес е одлуката и сега јас врз основа на ова можам да направам уште еден чекор напред. Минатите 4 чекори и денешниот чекор да ги проектирам или екстра полирам во иднина. Можам да претпоставам дека партиски

празник на партиски државн празник на партиска награда, со партиски членови, изгласани од партиска пратеничка група ќе заврши со доделување на награди од страна на овој одбор на патиски луѓе.

Вие практичн, не сакам да повредам ничии чувства, меѓутоа вие само го преземате моделот на комунизмот. Тој воспоставуваше врз основа на својата идеологија државни празници. Вие работите исто како комунистите. Тие ги прогласуваа датумите од нивната партиска историја за државни празници, за нив востановуваа државни награди. Па, дури беа поумни. Не ги користеа суровите партиски датуми, денот на формирање на КПЈ, или на КПМ, туку денот кога тие цели за кои се основале вродиле со резултат, па го славеа АСНОМ-ска награда или АВНОЈ-ска награда. КПЈ без разлика кога била формирана го славеа денот кога востанието се одредило, 11 Октомври и кога дало резултат, а не кога ... и тој баланс го воспоставиле.

За жал денеска ние со тој баланс се соочуваме со политички опции во Република Македонија кои сериозно сакаат да го изместат. Јас сум уверен во ова што го зборувам дека во Македонија ако ги земеме двете главни коалициони сили, групи на партии, на левицата и центар и на десницата и центар заеднички како две големи политички корпорации во Република Македонија едната од нив македонската историја ја верификува како континуитет на две големи ери во македонската историја, од поновата зборувам, последните стотина години, затоа што има и нешто друго многу поназад кое никој од нас не го спомнува, наградите ни завршуваа во 20-от век само, едната од нив ги признава двете кои резултирале со АСНОМ, или историски кажано со Илинден и АСНОМ, кој е втор Илинден или 11 Октомври, сеедно и другата коај се обидува да го скокне второто и да го признае само Илинден и да не признае ништо после тоа. Резултатот на таквите концепциски судири е денешната одлука која се обидува балансот на наградите воспоставени и воспоставени државни празници на двете големи ери, едната од почетокот на 20 век и една од средината на 20 век полека полека да ги претвори во постоење на една ера. Само ерата на тоа. Јас се плашам дека десницата во Македонија сака да избрише дел од македонската историја и дека постапно, постапно сака да ги доведе наградите, празниците, одборите во ситуација на супремација на едни врз други со тенденција која можам да ја претпоставам дека ако потрае малку повеќе од еден мандат постапно, постапно, постапно вторите и да ги снема од државни награди. Да ги снема од државни празници, да ги снема од одбори. Господинот Шамбевски гестикулира дека не е така, јас можам да ви верувам или не, меѓутоа дозволете да имаме еден сомнеж. Македонија во втората година беше на страната на антифашизмот, на демократијата, меѓутоа Македонија на последниот 9 Мај положи венци на сите гробови на фашистичките војници освен на своите, од своите државни претставници. Јас почувствував дека македонската десница во моментот сака да ја заборави средината на 20 век која резултирала со државност. Сака да ја заборави. И ова го сметам само уште една сенадер брекин де оу, само уште една цигла во мозаикот во која постапно, постапно, постапно сакате во една временска ситуација да додавате нешто, да одземате нешто и на крај да останеме во една моноидеолошка македонска ситуација.

Дури и комунисттие биле помудри, ништоне заборавиле. Дури и комунистите неслучајно на 2 Август, на Илинден од 10 дена на располагање што ги имале на Прохор Пчински точна на тој датум ги удриле темелите на државата за да се поистоветат. Имам впечаток дека денешната десница во Макеоднија не сака да се поистовети со двата периоди. Едниот период сака да го заборави присилно, присилно, па така едниот претседател од трите државни органи изјавува дека треба да се помириме со сите освен со тие што се бореле во наша корист. Јас сакам да се помирам со сите, ама сакам да се помирам прв со тие што се бореле во наша корист. Тие што се бореле макеоднците да бидат македонци, да не бидат побугарчени, погрчени, посрбени, но ако на сите други дадам пиетет освен на себе си дозволете да се соменавам. Во политиката има сигнали. Ние викаме сигналите од Брисел, сигналите од Вашинктон, сигналите од Москва, кои се сигналите од Скопје.

Претседателот на една друга државна институција законодавна, извршна, втората се обиде да покаже на денот со еден друг гест дека заборавил. Сега ова мислам дека е дел од таа една постапна кампања. Јас се плашам дека вие ако потраете подолго од еден мандат ќе предложите осилени во идните периоди се што не мириса со историското ВМРО да го нема, не затоа што така мислите, туку затоа што се плашите дека тоа другото вас ве загрозува. Па, уште и денеска ни кажувате дека на тој начин десница, Илија Димовски ги измешал скроз лончињата во Република Македонија историски, тоа е негов личен проблем, дека имала левицата своја празник, па сега да има десницата. Јас не сум уверен дека десничарски идеи резултирале на 23 Октомври 1893 година. Не сум сигурен. Вие во поделбата на тој 23 Октомври после Првата балканска војна ги прифативте само десничарските идеи во ВМРО-ДПМНЕ. Ги заборавивте левичарските идеи на ВМРО. И таму има две струи. Вие се плашите дека едната резултирала со антифашизмот, втората десничарска резултирала со профашизмот, од кој не се одвојувате. Историски факт е дека Ванчо Михајлов беше на фашистичка страна. Вие не се оградувате од таа македонска позиција и сега сакате корените на тоа да ги влечете од 23 Октомври наваму само на десничарската страна, која правела историски заблуди и грешки како и левицата. Меѓутоа, се држите за неа и јас се плашам дека промовирањето на ваквите одбори

само на луѓе што се поистоветуваат со десницата значи ли тоа дека 11 Октомври, востанието кое што го дигнале луѓето кои биле на чело, има и живи сведоци, ги знаеме учесници на 11 Октоврми-ското востание биле левица па дека наградата е на левицата. Имам впечаток дека ова значи почеток на постапниот отклон. Прво државен празник, па награда, па на наградата одбор, па на одборот само десничари, па тие ќе доделат награди само повторно на десничари. Сега јас претпоставувам, ама на 24 Октомври ќе го имаме листот на наградените. Претпоставувам дека ќе организирате овде прослава, ќе поканите гости по ваш избор и ќе ги врачите наградите на себе. Тоа значи дека востановувате награди кои имаат партиска арома, немаат државно значење. Држаното значење на овој процес е 2 Август, затоа се слави.

И уште нешто. Оваа награда е единствената награда која доделува 10 просечни плати во Република Македонија на добитниците. Сите други награди господин Вељаноски се 5 просечни плати. Што значи дека оваа награда автоматски ја вреднувате на највисоко ниво и плус не ставивте за годишни, туку во одлуката, ако добро се сеќавам сега, не ни давате да се подготвиме затоа што ни ја ставате како точка под итно да ја гледаме, ако добро ме држи меморијата во наградата ставивте дека награда треба да се додели за повеќегодишни остварувања. Значи, наградата малку ја отскокнавте од годишните, повеќегодишни мириса на животно дело, мириса на АВОЈ-ската награда, која беше идеологизирана во Југославија. Сега вие го комунизирате општеството во суштина, го партизирате, сеедно. Сакате на своите да доделите, јасно е што се случува, господинот Димовски без да сака во една реплика на Кондарко соопшти и ние десничарска награда сакаме во Република Македонија да имаме. Значи, вие однапред знаевте дека вие ќе ја добиете. Ако Никола Поповски конкурира за оваа награда нема шанса. Тој не се изјаснува дека е десничар. Значи совршено е јасно во кој правец оди, така што и бројот на платите кои треба да се доделат на луѓето од овој состав го направивте на малку поинакво ниво.

Сега конечно да се вратам уште на нешто што тукушто вчера го завршивме.

Вчера господинот министер за правда и вие не убедувавте кога треба да го исклучиме зборот непотизам од законот, затоа што ние имавме амандман дека зборот непотизам нема да стои во законот, меѓутоа стојат други одредби со кои јасно станува дека непотистичките тенденции на општеството ќе ги исклучиме. Јас ви соопштив завчера дека во коренот на вашат апартија се провелкуваат непотистички елементи и тие сега ќе градат непотистичка држава.

Господа предлагачи на овој список, бидејки е мала државата, само јас можам да видам двајца до тројца со непотистички корени. Значи, тука има луѓе кои се брачни другари, или родители на луѓе кои вашата Влада ги именувала или избрала на раководни места во државата. Сега господинот Маневски сакам да дојде тука и да ми соопшти дали со Законот за судир на интереси ќе го извлече тој, како тоа наш, именуван од Владата именува жена тука од истата партија за одбор, за награда која претпоставувам дека ќе има задача на некоја друга жена, на некој друг функционер од Владата да и ја додели наградата и т.н. и т.н. Ќе го затворите кругот во непотизам. Се разбира дека вие тоа ќе го негирате, меѓутоа се додека мажи и жени, мајки и деца се во пар јас навистина се сомневам. Како ќе се чувствувате вие ако сопругата на Никола Поповски биде член на одбор. Ќе ми речете непотизам. И е непотизам, меѓутоа вие овде имате сопруги и мајки на функционери именувани од вашата Влада. Тоа се вика непотизам. Тоа се крвни врски и затоа не верувам во шекерните приказни за некаква идеална ситуација во нашето општество. Напротив, мислам дека постапно сакате да го идеологизирате на ваша страна општеството со што правите наместо тоа што во вашата, на крајот на краиштата тоа што во вашиот статут е ставено како акроним Н.Е.Д.П.Н.Е, национално единство сите чекори ги правите да не се случи тоа. Какво национално единство, какво национално единство? Не го гледам тоа. Гледам национално неединство во тенденцијата вашите партиски датуми постапно да пенетрираат на сите нивоа. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејки е крајот на работното време, тоа и помина, бидејки беше спомнат Шамбевски Оливер...

(Реакција на пратениците на СДСМ)

Три минути за реплика има пратеникот Оливер Шамбевски, повелете.

(Пратениците на пратеничката група на СДСМ реагираат)

**Оливер Шамбевски:** Ви благодарам потпретсеателе.

Значи, ние сосема на крај на работното време, или како што колегите велат...

(Реакцијата на пратениците на СДСМ и понатаму продолжува).

**Иван Анастасовски:** Добро, еве се повлече пратеникот Оливер Шамбевски.

За реплика е пријавен и Оливер Спасовски.

(Реакцијата на пратениците на СДСМ и понатаму продолжува)

Во тој случај колеги пратеници овде завршуваме за денеска.

Дополнително ќе бидете информирани за продолжение на оваа седница.

Утре имаме седница за пратенички прашања.

(Седницата прекина со работа во 18,15 часот)